СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ЗД 61-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14. 03. 1997г.**


1. АБДУРАХМАН АЛИТИ - 47, 51, 56
2. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ - 74, 81
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 1, 3
4. ВЕЛКОВСКИ ДИМЕ - 37
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 85, 89, 95, 98
6. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 56
7. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 66
8. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 83
9. ПЕТРОВСКИ ФИЛИП - 22, 26, 27
10. ПОПОВСКИ Г. НИК0ЛА - 101, 106
11. РАМАДАНИ ХИСЕН - 39, 44
12. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 59, 65
13. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 16, 18
14. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 31, 35
15. ТОДОРОВА СОФИЈА – 120, 122
16. ХАСИПИ КЕНАН - 9
17. ШАЌИРИ ХИСНИ – 114, 115


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 март 1997 година**

Седницата се одржа во сала I со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 63-та седница на Собранието.

Пратениците Илинка Митрева, Иван Бојков, Маријан Начевски и Мирко Пецов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во ваше и во мое име да им го честитам роденденот на пратениците Ратка Куљан Зографска, Лазар Димов и Абдурауф Пруси, да им посакам добро здравје, успех во работата и лична среќа.

(Аплауз)

Продолжуваме со претрес.

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани дами и господа, добро е што денеска односно вчера и денеска се расправа за оваа многу важна и деликатна тема.

Тоа е не само наша обврска, туку и наша одговорност и тоа е дел од нашето секојдневие. И, верувам дека тука сите ќе се согласиме. Меѓутоа, според мене, според моето убедување ваква точка на дневен ред се чини дека е ставена во погрешно време, на погрешно место и по лош повод.

Реков, во погрешно време од причина што оваа тема требаше да се стави на дневен ред пред неколку години, тогаш кога Македонија се конституираше како нов субјект на меѓународното право, односно се градеше нов дом и ќе беше во ред сите идни станари да се консултираат како ќе треба да изгледа тој нов дом.

На погрешно место е поставено од причина што се чини ако оваа седница може да се смета како своевиден дијалог и е некој дијалог, меѓутоа, местото за вакви дијалози првенствено не е Парламентот, туку дијалозите помеѓу сите политички структури, помеѓу сите политички субјекти, првенствено се одвиваат надвор од Парламентот и ќе се настојува да се постигне консензус за основните начела врз кои принципи ќе се унапредуваат понатаму правата на националните заедници, прво, и второ, тогаш да се договоревме дека во оваа област, во доменот на меѓунационалните односи да не се овозможува никаков политички маркетинг бидејќи тој е столб на државата и тоа се личи на сечење на гранката на која седиме.

Седницата е по лош повод од причина што е свикана под притисок на политичко деликвента група која може да се споредува со група застапува екстремно националистички идеи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Биљали, јас се извинувам, меѓутоа, немате право да ги обвинувате како деликвенти доколку не биде докажано тоа.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Тоа е мое убедуваше и мој став. Некој ако не се согласува со ова, тука ќе каже. Најмногу загрижува ставот на универзитетските професори. Тие се на пат од Македонија да направат иноватор на едно чудно движење, а тоа е движење против правата на другите. Така ние сме на пат прв пат во поновата историја да излеземе на пат пред севкупната јавност и внатрешната и надворешната да докажеме дека ние не можеме да ги трпиме другите. Ние не можеме да ги поднесуваме и не можеме да се толерираме. Тоа е многу опасна теза и за мирот и безбедноста па и економски и на социјален план ги има своите реперкусии. Единствен пример на таква организација е кју-клукс-клан, која се ангажираше црнците да немаат права кои сега таа организација што ја осудуваат дури и сите американци кои живеат во САД.

Овие професори манипулирајќи со младите, што не е воопшто тешко да се манипулира со младите и децата се на пат, да ја промовираат милошевиќевата политика дека или Македонија ќе биде држава на еднаш нација или нема да ја има. Тоа е исто така опасна теза за мирот и безбедноста во регионот и опасна за сите национални заедници кои живеат во Македонија.

Не е спорно дека некој има право да протестира, не е спорно ни тоа дека некој има право да штрајкува со глад, тоа е негово убедување и

дури секој има право и лошо да биде убеден, јас мислам дека сепак некој лошо се убедува, тоа е негово право, меѓутоа, мене ме загрижува тоа што таквото екстремно лошо убедување, таква позиција се поддржува од значајни политички партии, од црквата, и од Универзитетот. Јас во лично име можам вака да ви кажам дека ако некој албанец или група на албанци излезат и направат шатор за да штрајкуваат со глад, наводно со глад, против правата на другите не само што ќе немав морално право, туку, еве, пред целокупната јавност да кажам дека отворено ќе ги именував со вистинското име. И тоа го очекувам и од сите политички и морални структури во РМ во сопствените редови.

За жал и овие протести укажуваат дека некои важни политички и морални и научни структури имаат голем почит према некои екстремен национализам или имаат страв од тој национализам, или немаат сили да се спротивстават на таквиот национализам, а го толерираат колку го толерираат. Се создава едно ненормално убедување дека со еден закон кој не беше прифатен и од пратеничката група на ПДП се загрозува територијалниот интегритет на Македонија и се загрозува македонскиот јазик што воопшто нема врска со реалноста. Не само со реалноста туку и со елементарните морални норми од причина што, ако кажеме дека се загрозува јазикот на една национална заедница затоа што е можно и од другите припадници да се користи тој јазик мора да сфатиме дека колку ние го сакаме нашиот јазик толку има право и другиот кој случајно живее на овие простори да го сака својот јазик, тука без право да го негира другиот јазик.

И второ, како се сваќа сега државата, државата се сваќа како една земја, парче земја која е падната од Космосот, наменета само за една национална заедница што е исто така погрешно сфаќање. Тоа е едно парче земја што им припаѓа подеднакво на сите кои живеат во неа и верувам дека со ова ќе се сложите. Тие што мислат поинаку, јас милам или немаат елементарно право или немаат елементарно знаење за мултикултурната, или се заслепени од екстремниот национализам или пак воопшто не ја сакаат Македонија како самостојна или независна држава, туку во нивните глави сонуваат дека оваа земја треба да и припадне на некоја друга држава.

Напротив, државата се загрозува ако на време не се решаваат проблемите од причина што ако се одолговлечува еден проблем тој проблем автоматски се претвора во политички проблем, а како политички проблем бара решение. Ако не нудите соодветно решение тој проблем ќе бара алтернативни, радикални решенија што исто така не е добро ни за тие што бараат, ни за оние структури кои се во можност да нудат или да даваат условно кажано.

Премиерот меѓу другото тука се користи, се послужи со зборовите паралелно високо образование и дека тоа паралелно високо образование ќе ја дезинтегрира државата и ќе доведе до конфликт. Јас мислам дека напротив не решавањето на време на овој проблем може да доведе до тоа што кажа премиерот.

Дали може некое прашање да го решаваме полесно или потешко се зависи од тоа како го поставувате прашањето пред јавноста. Ако поаѓате од тоа, кој се темелни вредности на државата, ако поаѓате од тоа кои се приоритетни интереси на државата, ако поаѓате од тоа кои се

цивилизираните определби на нашата држава веројатно лесно ќе дојде до решение. Ако напротив, ги сатанизираме идеите, иницијативите и проектите веројатно нема лесно да ги решаваме проблемите. Туку, напротив, ќе ги врзуваме сопствените нозе и сопствените раце. Потоа, и да сакате нешто да направите, од тој аспект, тешко ќе можете наравно, ако за една идеја, со години кажувате дека е нелегитимна и неуставна е сосема нормално дека и децата и првачињата ќе излезат на улица и ќе бранат Уставот.

Наравно, сатанизирањето на идеите, иницијативите и проектите е инерција од минатото и тоа е навика од недемократските режими и со сатанизирање се користат или ултра левите или ултра десните политички организации или групации.

Ние тука можевме, и слушавме слатки зборови, меѓутоа, сето тоа ми личи на реториката која се користи од некои левичарски идеолози лидери на Балканот кои имаат левичарска фраза, а десничарски џеб. Значи нешто се кажува а сосема друго се работи и се остварува.

Збор, два за декларацијата. Декларацијата како акт претставува политички акт со кој се изнесоа некои став, со која се сака да се постигне некоја цел или се дефинираат принципи кои подоцна треба нормативно да се регулираат.

Централно прашање или централна тема во понудената Декларација се чини е толеранцијата. И, тоа е добро. Меѓутоа, ние можеме тука да поставиме и прашање. Прашањето е ова: зошто имаме нетолернација односно исто така може да се постави прашањето дали без причина може да имаме толеранција. Одговорот е да.

Бидејќи ние и во високо развиени демократски држави имаме нетолеранција, меѓутоа, тој квантиту е симболичен профашистички ние имаме, и во Германија и во Шведска и каде не. Меѓутоа, многу важно е тие да не најдат плодна почва и објективни околности за да се претворат во опасна групација која ќе доведе до такви последици. Значи треба да ги согледаме причините, а не последиците од причина што вака гледано формално јас немам причина поинаку зошто луѓето да не се толерираат, немам никаква причина. Значи, ние не треба да ги убедиме луѓето со сила тие да се толерираат, туку да ги елиминираме сите објективни причини за нетолеранција. Може да се постави едно прашање, а колку албанци се директори или претседатели на управните одбори, на јавните претпријатија, на банки, на фондови итн. Нема ни еден. Значи, ова е една причина која предизвикува колективна нетолеранција.

И ова да кажам, крајно е време некои тука да глуми некој балансер помеѓу две така наречени крајно спротивставени идеи или иницијативи и тн. туку сите прашања да ги решаваме по пат на дијалог, разбирање и тоа не само со партиите што се застапени во Парламентот, туку со сите други релевантни политички структури, надвор од Парламентот.

Ние како пратеничка група предложивме некои дополнувања во однос на Декларацијата и вака сум информирам дека од предлагачите нема негативен став и тоа ќе беше едно позитивно дополнување во правец на реалното отворање на постапката за реална рамноправност помеѓу националните заедници.

I/8

Ние мора да признаеме дека сепак се нема доволно политичка волја да се решаваат проблемите. Ако сте ја прочитале анкетата помеѓу Израелците и Арапите, од таму може да се види дека повеќе од 70% од населението се против договорите и спогодбите помеѓу нив. Меѓутоа, се чини дека сепак таму има одговорни структури кои што се спремни тие да дадат, да жртвуваат до сопствениот рејтинг објективно да се решаваат проблемите и прашањата. Далеку од тоа да вршат споредба со тој регион, со таа држава, таму. Ние тука имаме долготрајна традиција на заедничко живеење и мислам дека само треба малку политичка волја и сериозност за еден сериозен дијалог за да се решаваат прашањата и јас посакувам и пожелувам на крајот оваа Влада да добие таква политичка волја.

Благодарам.

II/1/JM/лј

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Вчера од оваа говорница чувме многу добри дискусии, па веројатно ќе биде многу тешко тоа ниво да се одржи дотолку повеќе што на сцена беа искусни политичари макар што некогаш преголемото искуство може да биде и хендикеп. Во принцип не практикувам пишувани дискусии меѓутоа сериозноста на политичкиот момент е таква да мора да се внимава на секој јавно изречен збор. Пред да го започнам моето излагање дозволете да Ве информирам дека јас сум еден од предлагачите на Предлог декларацијата за меѓуетничките односи во духот на толеранцијата, дијалогот взаемното почитување и доверба. Се разбира при тоа бев свесен дека самата декларација по начинот на кој е конципирана по својата форма и содржина всушност зборува за базичните принципи т.е. за појдовните основи за унапредување на меѓуетничките односи базирани на Уставот и законите како и врз принципите на повелбата на Обединетите нации, Универзалната декларација за човекови права, меѓународните пактови за човекови права, меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација и ред други па се до рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Како таква во потполност ја прифатив сметајќи дека една отворена и аргументирана дебата пред очите на пошироката јавност ќе произлезат и други соодветни предлози и заклучоци кои дефакто оваа влада и овој парламент ќе го задолжат во преземање на практични чекори во унапредувањето на меѓуетничките односи. Во крајна линија низ целата декларација провејува толеранцијата дијалогот и меѓусебното разбирање за што е информирана целокупната јавност преку интегралниот текст на Предлог декларацијата пренесен преку средствата за јавно информирање. Алтернативата е јасна и нема потреба од пошироко елаборирање. Токму поради тоа јас ја поздравувам оваа итна седница на Собранието на РМ, без оглед дали е по барање на Владата, или по претходи барање на

II/2.-

некои политички партии, или пратеници. Целта на оваа седница е пред очите на широката јавност да се отвори расправа за една од најгорливите теми во една мултиетничка и мултикултурна заедница, а тоа е расправата за меѓуетничките односи како и начините, формите, и патиштата за унапредување на истите. Морам да признам дека апстинирањето на лидерите на ВМРО ДПМНЕ и Демократската партија без оглед од кои причини е сторено ќе ја осиромаши оваа парламентарна дебата ако не друго барем за нивните гледања на актуелните состојби во земјата и начините и формите за нивно разрешување.

Ние вчера го чувме излагањето на премиерот г-дин Бранко Црвенковски за актуелните состојби во сферата на меѓуетничките односи во Република Македонија морам да напоменам дека поголемиот дел од излагањето се однесуваше само на еден сегмент од тие односи, поточно за актуелните состојби предизвикани со донесувањето на законот за употребата на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет Климент Охридски во Скопје. Иако оваа тема е една од најгорливите во последните неколку недели проблемот на меѓуетничките односи е покомплексен, задирам пошироко и во другите сфери на општествениот живот и бара покомплексен приод кон нивно разрешување. Искрено се надевам дека оваа парламентарна дебата ќе ги опфати и тие сфери што ќе допринесе да се релаксира изразито напнатата ситуација во земјата. Последните неколку месеци во овој дел од Балканот на сцена се најразлични облици на вон институционално делување од извонредно организирани единствени, неповторливи и продуховени во Република Србија преку слични, но со примеси на доза на агресивност во соседна Бугарија, па се до хаотични и крвави нас- тани во Република Албанија. Последниве неколку недели сведоци сме на одредени облици на вон институционално делување и во Република Македонија во кои се инволвирани дел од студентската и средношколската младина, одреден број на стечајци и невработени, некои пензионери и во почеток

срамежливо, а последните денови отворено и компезно дел од позиционите партии. Оваа седница има за цел да ги разјасни причините за радикализацијата на меѓуетничките односи како и формите и начините за нивно разрешување, отворено, аргументирано согласно со Уставот и законите и во духот на меѓународните конвенции. Поаѓајќи од ова што го изнесов досега просторот за вонинституционални облици на делување е стеснет, но во политиката се познати и се применуваат во крајна нужда доколку за наведнете проблеми актуелната власт нема доволно слух, или доследно не го спроведува Уставот и законите на земјава. Правејќи анализа на настаните, не можам, а да не го издвојам впечатокот дека сме сеуште во фаза на балканско поимање на демократијата кои одредени структури ја изедначуваат со апсолутна власт, а други со безвластие односно без законије. Не би било ништо ново и не би било прв пат од мене изнесено дека живееме во исклучиво тешка економска и социјална положба дека имаме огромен број невработени и сакајќи дека над десетици илјади семејства примаат социјална помош, дека имаме во трансформацијата одредени девијации во трансформацијата на општествениот капитал во други облици на сопственост, мито, корупција, организиран криминал, дека имаме огромни проблеми во образовната и културната и сите други сфери на општествениот живот, меѓутоа, за тоа нешто повеќе на наредната седница. Исто така не би било прв пат од мене из- несено дека за овие неколку години успеавме да ја заокружиме државноста на оваа земја да станеме меѓународно признат правен субјект, членка на обединетите нации, да воспоставиме дипломатски односи со огромен број на земји, дека со дел од нив имаме и пријателски односи, дека сме на прагот на разрешување ан спорот со соседна Грција и одредени спорни моменти со други соседи и дека поголемиот дел од законодавството го прилагодивме на европските стандарди. Токму поради тоа кога се очекуваше дека сме на прагот на принципиелно и правилно поимање на демократијата и кога се надевавме дека ги

елиминиравме националните исклучивости, повторно се појавија активности кои укажаа дека истите не се минато. Затоа дами и господа се поставува прашањето, а зад одговорот ќе се препознаат поедини политички субјекти, дали е демократија да се форсира идејата до сопствени поголеми права да се доаѓа преку правата на помалките и послабите. Демократија ли е г-да квантумот на човековите права да се дистрибуира по математички параметри, демократија ли е зад студентско средношколските протести да се крие квази загриженоста на поедини политички субјекти за наводната загрозеност на службениот јазик и сувереноста на Република Македонија, демократија ли е преку борбените поклици и шовинистички пароли да се сее омраза со единствена цел да се хомогенизираат сопствените етникуми, демократија ли е господа под плаштот на некој си патриотизам да се блати сопствената земја и нејзините симболи, демократија ли е на овој мал простор да се тренираат мегало идеи чиј нуз производ е само крв и ништо повеќе, демократија ли е медиски да се сатанизираат и повикуваат на линч само оние кои се осудуваат јавно да го искажат своето мислење. Демократија ли е почитувани пратеници овој законодавен дом да штрчи празен и често да функционира на работ на кворумот,демократија ли е г-да на оваа говорница да се изнесуваат погрдни изрази и тешки дисквалификации кои отстапуваат од најелементарните норми на пристојно однесување. Токму поради овој неколку годишен тренинг на ваква демократија повторно го имаме она што до скоро верувавме дека е минато, криза во меѓу- националните односи, излив на националистички страсти, хомогенизирање од секаков вид, ерозија на моралот и болни удари врз сожителството, обиди и онака тешката економска и социјална положба на граѓаните да се искористи како промотор за детронивирање на политичките субјекти на власта оклеветени за политика на федерализација на земјата, обиди на поедини политички субјекти преку имитација на веќе виденото сценарио во

соседството да се прекројува политичката карта на земјата без ни малку чувство на загриженост за можните последици од истото, жалопојки до меѓународните институции за правда а воедно вербална, или директна поддршка на активностите што се во спротивност со конвенциите за човековите права и слободи и правата на националните колективитети. Обиди на поедини политички субјекти, долготрајниот и комплексен пат за изградба на систем во чиј центар ќе биде граѓанинот и неговите права и слободи олицетворен во поимот демократија да се замени со таканаречена нациократија. Доминантна улога на една нација во однос на останатите национални колективитети, обиди на поедини политички субјекти и врхушки да се повикуваат и да ја прекројуваат историјата по свој терк, обиди да се девалвираат сите досегашни вредности навестувајќи рушилачки бран кои неминовно потсетуваат на аветите на не така далечното минато, обиди да се напуштат општо признатите етнички норми и во оптек да се пушти фамозната флоскула дека целта ги оправдува средствата. И наместо да се изградува политичката култура, паѓа на ниски грани и компезно се нудат вон институционални форми на делување. Затајување на контролните механизми на власта и појава на криминал од пошироки размери. Во една ваква политичка врева потпомогната со акустични помагала тешко се слуша гласот на граѓанинот кој е вознемирен, уплашен, несигурен на работ на егзистенцијата, агрижен од ваквите радикални наезди. И сето ова сега кога сеуште се свежи сеќавањата за крвопролевањето во блиското соседство, грозоморните сцени невидени од втората светска војна наваму лични, семејни и национални трагедии од најтежок вид. Затоа дами и господа должност е да преземеме се да го сочуваме мирот на овие простори, да се бориме против националните ислучивости, да ги спречи гласно говорниците на злото независно од каде доаѓаат и на чија страна припаѓаат зошто познатата народна изрека вели дека оној што сака да чини зло секогаш за тоа ќе најде причина. Да овозможиме да

II/6.-

завладее правото на овие простори како на поединецот, така и на националните колективитети граѓанинот да биде наша постојана грижа, човекот да биде наша најголема вредност, а државата наш заеднички дом. Зошто ниедна политичка поддршка од било каде никаква финансиска инфузија од било каде не може да биде поделотворна од хармоничните меѓунационални односи.

Сега, дозволете ми да кажам неколку реченици во врска со Законот за употреба на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет "Климент Охридски"во Скопје, дотолку повеќе што истиот беше непосреден повод за уличните протести на дел од студентската и средношколската младина. Овој закон е донесен на начин на кој е донесен со гласовите на тие што го изгласаа и би било несериозно и несфатливо за една правна држава доколку на овој начин и со вакви облици на притисок би бил стопиран, или изменет. за жал уличните протести зедоа и такви размери што финализираат со штрајк со глад на дел од организаторите кој сеуште трае. Барањата на студентите се јасни. Прво, да се повлече законот второ, во најскор рок да се донесе законот за високо образование, и трето министерот за образование г-ѓа Софија Тодорова да поднесе оставка и четврто ултимативно барање во рок од 24 часа доколку не се задоволат наведените барања да се побара оставка на целата Влада.

Почитувани пратеници демонстрациите на средношколците и студентите не е нешто ново во политиката. Тие се практикувале и порано, а веројатно ќе се практикуваат и во иднина. Сите досегашни демонстрации не само кај нас туку и во другите земји имаат своја генеза и во нај- голем процент се случувале заради начинот на водењето на државната политика, а во голем процент и заради условите на собирањето и опаѓањето на животниот стандард на студентите. Најсвежите настани имаат вчудоневидувачки карактер од причина што непосреден повод за уличните протести е образувањето на дел од граѓаните на оваа држава припадниците на различните националности

на својот мајчин јазик. Не можам да поверувам дека тие студенти и средношколци сегашниот и идниот интелектуален слој на земјата не се запознаени со граѓанскиот концепт на нашиот Устав каде носител на сувереноста е само граѓанинот и ништо повеќе како и со меѓународните конвенции за правата и слободата на човекот и националните колективитети. Од тука јасно произлегува дека ваквите реакции се или поради тоа што не се прифаќа граѓанскиот концепт на Уставот или е во прашање манипулации од страна на одредени политички субјекти и структури независно од каде доаѓаат и на кој политички блок припаѓаат. Се поставува едно друго прашање кое најверојатно би ја демистифицирало оваа ситуација, а тоа е како би реагирале истите тие студенти, средношколци и инволвираните политички субјекти доколку во Законот за високото образование се инкорпорира во изворен, или во сличен облик овој закон за употреба на јазиците на националностите. Г-да пратеници премногу е тоа провидно за да на таа теза паднат структурите кои се за толерантни и хармонични меѓу етнички односи. Ова дотолку повеќе што овие протести беа пропратени со таква иконографија од која би се наежил и најзлонамерниот. Токму поради ваквата и сличните иконографии, токму поради ваквите и слични барања Европската Унија ја изрази својата загриженост за состојбите во сферата на меѓуетничките односи во Македонија. Играњето на оваа карта со единствена цел да се детронизираат носителите на власта и да се освои власта е рискантно и често обоено со крв. Затоа во името на професијата што ја обавувам која е една од нај- хуманите професии како и во името на одговорноста што ја носам како член на Собранието на Република Македонија ги повикувам студентите да го прекинат штрајкот со глад и барањето на излезни решенија да го пренесат во институциите на системот. Човековиот живот е највозвишеното право на човекот и никој нема право за било какви цели да го внесе како влог. Воедно ја повикувам актуелната власт сите политички субјекти, не владини

организации и поединци со углед и авторитет да вложат се од себе да ги релаксираат меѓуетничките односи. Должност е на актуелната власт во рамките на своите уставни овластувања да ги преземе сите активности и дејанија во сите сфери на општествениот живот за да ги спречи сите облици на масовното кршење на Уставот и законите, корупцијата и организираниот криминал независно од каде доаѓаат и кои се нивните носи- тели. Во спротивно ниедна декларација, ниедна парламентарна дебата не може да допринесе во разрешувањето на нарушените меѓуетнички доноси. Во спротивно ако дозволиме нивно разгорување ќе бидеме црна епизода во историјата на ова парче земја. Оваа света должност треба и мора да ја врши и власта и оние кои сакаат да дојдат на власт и позицијата и опозицијата и македонецот, албанецот, турчинот, ромот, влавот, србинот и секој граѓанин поединечно.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, сега кога веќе водиме дијалог за меѓуетничките односи затоа што мислиме дека тие се од врховна вредност за државноста на Република Македонија, односно за нејзината политичка стабилност со инструментализација на институтот толеранција битно е секој да ги образложи своите ставови и погледи , но во контекст на веќе прифатените општочовечки меѓународни стандарди и Уставот, а со цел да се надвладеат личните и групните егоистички интереси. Впрочем дијалогот е само така и можеме во дијалогот секогаш нешто што е оптимално се остава за после, дури и се жртвува. Често се жртвува слободата за мирот, или правдата заради слободата. Основен услов за толерантен дијалог е прифаќање на уставниот поредок на Република Македонија како мултиетничка, мултикултурна политичка заедница, односно на плурализмот во заедништвото. Се разбира може би некој етникум да има желба, стремеж да го промени уставното уредување како стремеж да ја изедначи политичката заедница со

етникумот што лежи во основата на националистичкиот принцип. Ако пробате со демократски средства, тие средства пак мораат да имаат основа во Уставот и во меѓународните стандарди. А ако пак проба со сила, се излегува на примена на државната сила и пак врз основа на Уставот и меѓународно правните норми. Сега јазичното прашање како прашање на идентитет на националностите е во епицентарот на толерантниот дијалог. Од тука се поставува прашањето дали и колку ова прашање се инструментализира односно трансформира до политички инструмент или политичка мудрост како нечија потреба за одржување на меѓуетничката тензија, или пак за релаксација на истото. За мене етничката хетерогеност, различитост во Република Македонија ја сфаќам како предност и секаква нејзина инструментализација во деструкции и судир пак како политичка мудрост за да се одржуваат во живот меѓуетничките тензии и како основа да се продуцираат непријатели на државноста за да се задржи некакво единство не ја прифаќам.

III/1.ПЈ/ОМ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Таква инструментализација на етничката хетерогеност не е во контекст на нашиот Устав. Ова затоа што со Уставот со граѓанска провинција главен резидиум на суверенитетот е граѓанинот. Имено, таквата имплементација на граѓанинот , на поимот граѓанин уставно исклучува секаква подвоеност и сепарација врз национална, верска или било која друга основа. Со Уставот е исклучен националистичкиот принцип, што е во основата на секој националистички стремеж како колективистичка и неоколективистичка опција, поготово неговата инструментализација, но се гарантираат посебните етнички, културни јазични и верски атрибути на идентитетот на националностите. Ова е така и со меѓународните стандарди. Која е потврдата за тоа? Кога велам и со меѓународните стандарди. Потврда за тоа е изјавата на арбитражната комисија на Европската унија од 14 јануари 1992 година, Бадинтеровата комисија, што на меѓународно ниво го верификува уставот на Република Македонија како основа за решавање на сите различитости во плурализмот на заедништвото во Република Македонија. И сега што е најважното што сакам да го посочам како централно прашање? Најважно е да сфатиме дека центарот или местото за разрешување и релаксирање на меѓународните тензии е нашиот однос кон веќе утврдените стандарди и од нас верифицирани и прифатени. Јас мислам дека тоа и го направивме со нашиот Устав на најдобар можен начин поткрепен со меѓународна арбитража и тоа ќе го почитувам.

Оттука секое отстапување од тие стандарди или импровизирање на други решенија или небулоза, што пак може да ги држи во живот меѓу националните тензии. Секогаш во дијалогот за ваква проблематика некој

ќе рече , па јас во нашето плурално заедништво сакам уште нешто, па пак потоа уште нешто и така во недоглед. На пример, националностите сакам да се викам народ и така постојано некој да се чувствува загрозен, а пак некој виновен што не дава. Така тензиите заедно се одржуваат како негативни и деструктивни. Всушност, каде е суштината? Пак суштината е во меѓународните стандарди и норми и критериуми, а не во моите или од некој друг желби, сентименти и стремежи.

Имено, ниту еден од меѓународните критериуми кои на овој или на оној начин го допираат прашањето за правата на малцинствата не ја охрабрува очекуваната автономија или некој вид заштитен федерализам под надзор на Обединетите нации. Сега е тоа така. Нема сега држава која би сакала да ги охрабри или подржи сепаратистичките движен»а,затоа мора да се прави разлика меѓу сепаратистички движења кои се гладни за независност, етнички, верски јазични етникуми, што бараат заштита и одржување на нивниот културен идентитет во рамките на државата чии граѓани, државјани се. И сега, дали ако речам јас сакам како посебен малциснки етикум, националност да ја реализирам политичката волја на мојот малцински етникум на само определување и тоа е главното единственото што ме интересира, друго ништо не ме интересира, кореспондира со меѓународнтие норми и со Уставот и за кого е резервирано тоа право. Пак како што гледаме центарот и рамката во кој што може да се врши толерантниот дијалог е во Уставот и во меѓународните норми, а не во нашите делби. Или, дали ако кажам дека јас исклучиво се врзувам за мојот етникум и повеќе од тоа ништо не ме ентересира, кореспондира со државноста. Ако така речам, тогаш се проблематизира државноста . А пред меѓународните критериуми и норми битна е државата. Во плурализмот , на политичкото заедништво, бидејќи

најбитна е врската со државата, односно националностите мора да се нејзини граѓани. Имено, во што е суштината. Ако не излезам до крај албанската или македонската колективистичка кауза, што ќе правам? Или треба да ме нема или треба да војувам. Нашата граѓанска провиенција на Уставот не дава такви можности. Тоа според меѓународните критериуми е невозможно во држава која фундира врз резидиумот граѓанин во плурализам на заедништво, чија рамка е Уставот.

Да се разбереме? Можеби ќе дојде времето и на други стандарди тоа не се исклучува како можност и прашање на идентитетот, но пак во меѓународен контекст. Зашто, по Втората светска војна никој не е виновен што историјата не заробила или некого го заробила на овие балкански територии. Јас и тогаш пак ќе ги почитувам меѓународните норми и стандарди како врховна вредност и Уставот. Затоа сметам дека и карактерот на декларацијата која се предлага не е да не е да не е добронамерен или да не го прифаќам, туку го сфаќам како само една политичка волја, напишана која не може да ги супституира ни меѓународните стандарди, ни Уставот, може со нив само да кореспондира. Нашето внатрешно право мора да кореспондира со Уставот и со меѓународните стандарди.

Затоа, еве и проблемот со Законот на јазиците на Педагошката академија се проблематизира не за тоа дали сум за или против, туку заради тоа што сеуште не е расчистено дали истото кореспондира со Уставот и меѓународните норми и стандарди. Мене не ме загрижува многу зголемените меѓунационални тензии. Тоа е видено на овие простори во долг период. Уште од 1990 година, па натаму. Ниту нивната иконографија туку мене ме загрижува само тоа дали постои желба, политичка волја и толеранција да ги почитуваме Уставот и

меѓународните стандарди. Од овој контекст на прашања сместени во корпусот на меѓунационални од- носи не можеме да го исклучиме и секторот во областа на економијата. Правата реална политика на 21-от век која што може да ги стави и да им даде второразредно значение на фрустрации и тензии е реалната економска политика. Мене таа сфера повеќе ме загрижува. Заради тоа што за мене е уште недоволно е транспарентно бројката на невработените, бројката на стечајци. А таа според статистиката дали е точна или не знам, но барем така како што сум ја прочитал е загрижувачка бројка, 237 илјади невработени, 120 илјади штедачи. Тоа е еден аргумент кој што делува дискредитирачки на водењето на економската поли- тика. И со тоа прашање односно го кажувам ова прашање, заради тоа што мора Владата да се соочи како приоритетно прашање. Па, прашањата се инвестиции интерни, ова што се случува со квазифисникнувањето и епилогот на квазифисталните институции во РМ. Ме интересира и врз прашањето со директните инвестиции, на кое место на евро листата се наоѓаме. Во 1991 - 1996 година. Или во однос на кредитите како екстерно задолжување или како извор на инвестиции за развој. Мораме да знаеме каков е односот на нашето задолжување во однос на општествениот бруто производ. Колку што знам во 1991 година тој сооднос беше 26%, а во 1996 година се дуплира. Па, прашањата на трговскиот дефицит итн. Мора длабоко сите политички сили, партии , но централно место е Собранието, заради тоа што тоа не е претставник на партискиот колективитет и суверенитет, туку е претставник на граѓанскиот суверенитет. Граѓанскиот суверенитет е посилен од партиската припадност. Тоа треба да го почитуваме сите работи што стојат како небулози и наезди да станат транспарентни. Тогаш проблемите полесно се релаксираат.

III/5.-

Исто така, мора длабоко да се размисли во контекст и на изјавата на г-динот Љупчо Поповски кога се распаѓаше Сојузот за Македонија, кога рече една реченица тогаш кога политичките и економските состојби ќе дојдат до таков степен што тешко ќе можеме да разрешуваме. Зошто и да не одиме и на предвремени избори. Мислам дека и тоа е демократско средство кога ги релаксира и политичките и економските состојки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Филип Петровски,претставник на одборот за мирните студентски протести.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, денеска е, ако не се лажам, дваесет и седмиот ден од студентските протести и единаесеттиот ден од штрајкот со глад на дел од организациониот одбор. Во тој штрајк со глад сум и јас, така што ќе ми простите ако извесна слабост на моето лице се погледне и се премети. не затоа што говорам пред Вас како голем дом, како многу луѓе, туку затоа што штрајкувам со глад 11 дена.

Ние очекувавме дека ќе говориме меѓу првите, па потоа дека ќе се јават 60, 80 луѓе кои што ќе не судат, нели такво сценарио предвидувавме, меѓутоа сеуште не е доцна откако ние ќе проговориме, говорам ние, затоа што говорам во името на сите што се надвор во шаторот. Не е доцна да се јават повторно дискутанти кои што ќе не разобличат и кои што ќе покажат на македонската јавност колку ние грешиме и колку ние не сме во право.

Морам да нагласам уште еднаш дека ние во знак на протест, поради тоа што тројца од нас веќе паднаа, не сакавме тука да дојдеме,

меѓутоа слушајќи го говорот на премиерот вчера се одлучивме,сепак, да дојдеме тука и малку да реплицираме. Значи, уште еднаш, Ви се обраќам од името на организационите одбор на протестот на студентите. Должен сум веднаш да Ви кажам дека меѓу нас постои големо недоразбирање. Ние не баравме расправа за меѓунационалните односи, како што стои во барањето на Владата за оваа седница. Ние знаеме дека Република Македонија не е, на пример, Европска унија или некоја конфедерација за да се зборува за меѓунационални односи. Ние не баравме ни расправа за меѓуетничките односи, како што раководството на Собранието ја насловило темата на денешната седница. Ние од Вас баравме во согласност со вашите надлежности да ги преземете сите потребни мерки во следниве наши барања:

Прво, донесување на закон по итна постапка за престанување на важноста на Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" од Скопје.

Од страна на Уставниот суд на Република Македонија побаравме укинување или поништување на Законот за јазиците и нашите ставови во врска со тоа подетално ги образложивме во иницијативата. Во оваа прилика ќе цитираме само дел од Одлуката број 100/94 од 25 јануари 1995 година и Одлуката број 99/94 од 25 октомври 1994 година. На Уставниот суд, со кој што Уставниот суд веќе создал уставна практика во смисла на примена на членот 7 од Уставот на Република Македонија. Отворен цитат: "во согласност со членот 7 , став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо".

Ставот 2 на членот 7 од Уставот на Република Македонија предвидува во единиците на локалната самоуправа во кои како

мнозинство живеат припадниците на националностите во службена употреба , покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо да бидат и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.

Во ставот 3 на членот 7 од Уставот на Република Македонија е предвидено дека во единиците на локалната самоуправа во кој како значителен број живеат припадниците на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да бидат и јазикот и писмото на националностите под услови и начин утврдени со закон.

Со наведените уставни одредби произлегува дека Уставот прави сосема јасна разлика помеѓу службен јазик и како таков го утврдува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо на целата територија на Република Македонија и службената употреба на јазикот. При што предвидува кога припадниците на националностите живеат како мнозинство во единиците на националностите на локалната самоуправа службена употреба на нивниот јазик и писмо да се уредува со начин утврден со закон. А кога тие претставуваат значителен број службената употреба на нивниот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да се уредува само на начин и под услови утврдени со закон.

Според тоа, од Уставот произлегува дека на целата територија на Република Македонија покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо не може да се применува и јазикот на националностите". Завршен цитат.

Од Уставот произлегува и дека правото на високо образование на службениот македонски јазик на државата Македонија во согласност со член 7 од Уставот не го суспендира правото на образование на припадниците на националностите , ниту пак ние тоа го бараме.

III/8 .-

Правото на високо образование мора да биде и е достапно и за припадниците за националностите, но под еднакви услови како и за сите граѓани на Република Македонија. Имајќи ја предвид еднаквоста на граѓаните во слободите и правата независно, меѓу другото и од националното односно од етничкото потекло утврдено со членот 9 од Уставот.

**ФИЈ1ИП ПЕТРОВСКИ:** (продолжение)

Во ставот 2 во членот 46 од Уставот е утврдено условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот да се уредуваат со закон.

Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски " е дел односно само еден факултет од еден универзитет во Државата, Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, покрај постоењето на само уште еден универзитет "Свети Климент Охридски" во Битола.

Според тоа, од Уставот произлегува дека со закон ќе се уредуваат условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот, што сама по себе подразбира услови за основање вршење и престанок на дејноста и на членките на Универзитетот, факултетите и другите научни установи. Универзитетот и факултетите подготвуваат кадри за целата територија на државата и затоа неговата дејност не е врзана за подрачјето на една општина или за потребите на една националност, туку за потребите на сите граѓани на Државата. Оттука и правото граѓаните со високо образование да се стекнат на службениот јазик на државата, односно на Македонскиот јазик и неговото Кирилско писмо тоа беше првото барање поопширно образложено.

Второ, неотповиклива оставка на министерот за образование проф-д-р Софија Тородова, поради дозволување на неуставен закон во нејзиниот ресор, неморал и нехуманост, бидејќи имаме штрајк во глад веќе 11 дена, министерот не најде за сходно да ги посети тие луѓе, без разлика дали се согласува или не се согласува со нивните барања и ние морам да ви кажам во шега се договоривме да набавиме министерска

фотеља, за да го задржиме министерското ниво и е очекуваме министерката да дојди да не посети да види каква е нашата здравствена состојба. Нагласувам уште еднаш, без разлика дали се согласуваме или не во барањето.

Трето, наше барање е донесување на Законот за Високо образование со право и студентите да учествуваат во јавната расправа по истиот и

Четврто, студентите не преку Сојузот на студентите и Диме Велковски, туку студентите кои што размислуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Петровски, немојте да ги навредувате своите колеги Ве молам.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Во ред, јас стојам позади моите зборови.

Петто, укинување на квотите на националностите за Високо образование, како услов за создавање на еднакви услови за упис на факултетите за сите кандидати независно од нивното етничко потекло.

Ние знаеме дека Република Македонија не е Франција, а верувам дека знаете какви критериуми имаат за образование во Франција да се зборува за меѓуетнички односи. Ние Македонија ја занемее и ја сакаме како Европска држава, а во Европска перспектива, терминолошкиот расчекор помеѓу Владата и Собранието може да се надмине со трет наслов оваа седница. На пример, политика на Државата кон малцинството. Во таа перспектива Вие би требало да ги разгледате правата на припадниците на малцинствата, врз основа на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства кое што знаеме ова

Собрание ја усвои идејата по ред во Европа, а ми се чини не ја почитува и посебно го нагласувам членот 12 став 3 во таа рамковна конвенција и членот 13 став 1 и 2 кои според нас ја објаснуваат позитивната дискриминација, како што популарно е наречена.

Ние, и тоа не го бараме не сакаме да се ставаме во релации кои што не се наш избор. Ние протестираме против нарушување, уште еднаш нагласуваме, на Уставниот поредок во областа на образованието и од Вас бараме да донесете системски закон за Високо образование со еднакви права за упис на факултетите.

Проширување на темата на меѓунационални односи, според Владата, односно во меѓуетнички односи според Собранието, ја потврдува нашата теза дека во образованието се манипулира со вон образовни цели, за мир во куќата на коалицијата, за маскирање на вистинските проблеми во транзицијата, меѓу кој можеме да го спомниме грабежот во штедилницата ТАТ.

Пред некој ден од тројката на Европа претставена преку Грција, Англија и Франција за чија што улога во нашата национална трагедија нема да зборуваме сега беше си порачана, не би рекле нарачана декларација со поддршка на владината меѓуетничка политика исто како трите претставници на Европа да не знаат како кај нив се регулираат односите за националните малцинства. Меѓутоа, сето тоа за нас младите кој веруваме во демократија и хуманизам не го прифаќаме овој цинизам кој е многу неподнослив, а Владата го прифати.

IV/4.-

Покрај тоа што на седницата се поканети претседателите на вонпраламентарната опозиција, поканети сме и ние. Мораме да кажеме дека ние не занеме работа, како што ние немаме Закон за Високо образование. Но независно од тоа статистички и статусно сведени на декор смислата на поканата ја гледаме во функцијата на демологијата наречена решавање на проблемите низ институциите на системот, кој што гледаме како функционира досега. Таа улога ние не сакаме да ја играме, ние имаме конкретни барања, веќе Ви ги прочитав, Вие ни одговарате, ова на нас ни личи како социјалистичка сеанса. Или инаку само за Ваша информација, која сигурно ја знаете но не знаеме зошто ја премолчувате на вашиот интернет за кој што ние немаме пари за користење, Тетовскиот Универзитет има дистрибуирано над 11.500 документи, еден од нив имаме за Вас јас ќе ви прочитам извадоци да видиме што кажува тој. Доколку се согласите нема да читам на англиски ме преведувам директно.

"Албанците во Македонија се автоктона популација, како што се мнозинска популација во нивните етнички региони." Пазите ова е дистрибуирано од таканаречениот Универзитет во Тетово, а ние имаме информации дека Сорбона и неколку американски универзитети се користат со овие информации. Ќе го поткрепам понатаму уште малце.

"Албанците во Македонија немаат друг избор, туку да бараат легализација на овој Универзитет, без разлика на ставот на Владата." Понатаму се вели каков ќе биде позитивен или негативен

"Колку побрзо оваа реалност е разберена, толку подобро за сите жители во Македонија". Потписници се сите албански субјекти. Понатаму, Тетовскиот Универзитет во курсот на Академската година ќе има 1.300 студенти, а не 150 како што тврдеше некој, од кои половина се девојки, 150 професори кои што се сите жители на Македонија. Јас се сомневам

во тоа. Тоа се вели во овој документ кој што е дистрибуиран на Интернет, кој што ни го донесоа некои студенти. Незаборавјаки се она што се случува надвор ќе морам уште еднаш да се обратам во Министерството за внатрешни работи, кои што прилично некоректно постапи спрема нас. Не знам дали е тука министерот. Нема да објаснувам што се се случи, веројатно добро знаете, меѓутоа, ќе го замолам министерот да ги контролира малку подобро службите, некој служби кои се надвор од Министерството за внатрешни работи, кои што вршат психичка тортура врз сите нас. Меѓутоа, ако е тоа и дел од играта, ако мора да се изврши врз нас таков притисок, ние го прифаќаме, меѓутоа би го замолиле министерот, ако е тој што ги контролира, или ако е некој друг бараме девојките да не бидат малтретирани од службите за државна безбедност, да не им се заканува дека ќе завршат во корпа за ѓубре и дека нивното тело ќе биде најдено во вардар. Ова може да ви биде смешно, можете да се оградите сите од ова, нема проблем, меѓутоа јас мислам дека треба да ја проверите оваа ситуација да видите како функционираат тие служби.

И за крај, уште еднаш би рекол дека народот нема пари за интернет тој ни лепеше пораки на Шаторот. Ви сакал дел од нив да ги прочитам, без разлика што ќе се насмеете. "Ви благодарам што го откривте срамот што ние возрасните го носиме во себе". Тоа е некој чичко потпишан. "Ми дадовте сонце", од Душанка. "Вие ја држите најголемата лекција за нас". "Нека исчезне за секогаш правот од клетото едноумие". "Ја раздвоивте Македонија".

Со оглед на тоа што досега не најдовте време да расправате за нашите барања, со оглед на тоа дека поминаа 25 дена, 11 -тиот ден од

штрајкот со глад, ние бараме , г-динот министер да си даде оставка и целата Влада, а сите што не поддржуваат повторно да ги продолжиме протестите. Уште еднаш нагласувам дека ние местото си го гледаме кај нашите колеги кои што се надвор и да знаете дека и тоа е институција на системот.

Ви благодариме уште еднаш што моравте да не сослушате.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претседателе на Владата и почитувани министри,

Гостите немаа време да не сослушаат, но сигурно ќе имаме време и ќе размислуваме поинаку, или во дух на она што треба да го направиме.

Во време на сеопшта поларизација на граѓанството на Македонија било на статусна или на стратурна основа, се помалку има обиди за аналитичко и темелно приоѓање на реалноста. Тргнувајќи од инфлицитната претпоставка дека во другиот не треба да се верува и дека од него треба да се бара да се заштитиш и осигуриш, во Македонија се повеќе се јавуваат тенденции да се гради филозофија за национална момунегизација, а не на демократска диференцијација и гаранција хегемонизација.

Довербата е едно од најбитните предуслови за опстојување на една заедница. Но за жал изгледа дека Во Македонија се прави се, довербата да се замени со сомнеж и недовербата, а минатото сегашноста и иднината се преплетуваат во актуелниот мозаик на случување за да се исконструира некаква вистина, која нема да осветли еден проблем, туку има за цел да потемни оној другиот, а со тоа и да се

оневозможи функционирање на заедницата. Засега во целата ситуација наместо анализа, или барем малку трпливост, која е сојузник на мудроста, ние се соочуваме со увредливи етикети, кои се контрапродуктивни. Заменувајќи ја отворената комуникација со иритирање и навреди на другиот, само создаваме ситуација како што вели народот ":како го викаш, така ќе ти се јави", затоа денешнава расправа е неопходна и многу значајна во остварувањето на улогата на Собранието како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Република Македонија. Сигурно неоправдано ретка, сега само како последица на состојбите во една од најчувствителните области за безбедноста и прогресот во нашата земја, меѓунационалните односи, а не како нужна наша обврска во следењето на состојбите и реализација на нашите составни и законски определби во оваа осетлива општествена сфера. Вчера и денеска разговаравме заради можните последици од конкретните ескалации на студентските и средношколските манифестации по повод донесувањето на Законот за Педагошкиот факултет од една страна и ефоричната прослава на некои изворни победи во Тетово и Гостивар, од друга страна кои со своите екстремности вршат удар на ровките меѓунационални односи но и на стабилноста на земјата. Тоа се сигурно поводни манифестации и последици на подлабоки причини, кои ако не ги согледаме и понудиме излезни решенија можат да доведат до неслутени конфликти на овој простор, а сето тоа видено во нашето соседство. Дали е Уставен законот за јазиците кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет ќе одлучи Уставниот суд на Македонија .

Друго прашање е зошто во вакум просторот за донесување на Закон за високо образование се донесе ваков парцијален закон. Едно од можните оправдувања е ако Владата на РМ ,а подоцна и Собранието се водеа од фактот дека во сложена политичка заедница особено повеќе

национална треба со големо внимание и чувствителност да се следат сите можни поводи за ескалација и на нив да се реагира. Ние мораме да признаеме дека проблемитизирањето на албанското национално прашање во поширок контекст е политички реалитет.

Второ, дека тоа прашање се мобилизира голема национална енергија која преминува во национално движење и трето, дека со некој свој примери тоа движење ескалира во национализам.

Неоспорен е фактот одамна на овој наш простор покрај матичниот македонски народ да живеат и бројни националности. Но уште понеоспорен е фактот дека во ниеден момент македонскиот народ во својата вековна борба за национална и социјална слобода и создавање држава не ја запоставил конкретната реалност на визи- јата. Во таа идна слободна држава, сите нејзини граѓани треба да бидат еднакви во слободата и правата, независно од националното, верското и политичкото потекло, давајќи современо гаранција за рамноправноста на националните малцинства. Оттаму, создавајќи ја пред педесетина и неколку години својата национална држава се гарантирани и обезбедени целост на граѓанка рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со сите националности. Затоа кога пред 6 години се одлучивме за самостојна и демократска Република Македонија со граѓански статус на државата, покрај еднаквоста на правата и слободите на сите луѓе врз граѓанска основа, се определивме и за уставната гаранција: припадниците на националностите слободно да ги изразуваат, негувата и развивата својот идентитет и националните особености. Тие определби добија широка меѓународна верификација, како добра ориентација кон граѓанско општество. А од одделни тесногради социјалисти во земјата беа оквалификувани како обезличување на националната држава иако одлучвањето на секоја држава е нејзиниот широк граѓански приод. Но

еве подолго време се соочуваме со тешки и неприфатливи оценки на дел на претставниците на политичките партии на Албанците во Македонија дека албанската националност е нерамноправна дека нејзините припадници се третираат како луѓе од втор ред без аргументација и лустрација пошироко за тоа.

V/1.-ЛП/МЛ

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Одделни вонуставни барања за образование на сите нивоа за признавање на вонзаконскиот универзитет во Тетово, за воспоставување на албанскиот јазик за паралелен официјален јазик во државата, се издигаат на највисок ранг во барањето право со поддршка и од надвор. Се бара признавање на албанската националност во народ, се промовираат идеи за парадржавни институции, за регионализација на Западна Македонија врз една етничка основа, се оди кон остварување на албанска автономија, се вејат туѓи знамиња, се пее химна на туѓа држава. А се забораваат симболите на својата, се создаваат етнички енклави без учество на ниеден македонец во органите на локалната самоуправа, како што е случајот во Тетово. Сето тоа води до дестабилизација и уривање на уставниот поредок на оваа земја. Мораме да бидеме решителни, нема никакво оправдување за ваквото вонуставно дејствување во тезата што се пласира се поупорно дека припадниците на албанската националност не гласале за референдумот, за самостојноста на Република Македонија и за Уставот. Па според тоа и референдумот и Уставот може да се стават под нога и да се бараат нови историски договори.

Македонскиот народ и националностите одамна со Крушевскиот Манифест, со АСНОМ, со новиот граѓански концепт за оваа држава го направија и го остваруваат тој договор. Разбирливо, таквиот приод го разгоре и македонскиот национализам. Подгрејуван и од одделни политички партии за рестрикција на правата и за газдинско однесување, па се појавија и оние тешки и срамни пароли на студентските и средношколските манифестации. Мораме да бидеме исто така решителни во осудата на таквиот приод, кој исто така води до заострување на недовербата и до занишување на стабилноста на земјата со закани за поостри судири. Тие судири не ги сакаме и не ги

V/2.-

очекуваме. Но денес ние мора отворено да ги побараме причините за тие појави. Мораме да погледнеме самокритички и критички во одговорноста на ова Собрание, на нас народните избраници, на Владата, на политичките партии за нашата неспремност навреме отворено да разговараме за остварување на уставната визија на граѓанско општество, за подобрување на квалитетот на сите човекови слободи и права како индивидуални вредности, па во тие рамки и меѓунационалните односи, за нашата недоволна спремност да им се спротивставиме на разните притисоци и шеми од надвор, кои не ги познаваат нашите специфики, за нашето ненавремено реагирање да не дојде до иста, а не и до пожари кои се обидуваме некогаш да ги гасиме. Сосема сум сигурен дека постои нешто соицидално во актуелните настани, нешто што се преклопува. Но не сум сигурен дека претставниците на екстремно поларизираните политички субјекти со нивното етничко причистување и национално затворање ќе еволуираат и со тоа ќе се приближат чекор поблизу до демократијата. Напротив, тие се подалеку од неа отколку што беа вчера, а напорите за тотализација на масата и национална хомогенизација имплицираат желба да се префрли трајната вина на другиот за нашите заеднички и секојдневни проблеми. Би било неправедно ако не се каже дека во извонредни тешки услови, економски и социјални, во период кога на територијата на нашата поранешна држава се водеа меѓунационални војни, еден од битните фактори за зачувување на мирот кај нас беше меѓуетничката толеранција. Факт е и дека овие неколку изминати години бевме принудени и со привремени решенија да оневозможуваме каква и да е ескалации. Но тие еве сепак ни се случуваат.

Затоа, со ладни глави треба да оцениме што сепак сме пропуштиле, да направиме, а тоа во сите сегменти на животот. Само еден е примерот со осетливата сфера на образованието. Затоа, ако научните

истражувања покажуваат дека ставовите на учениците се далеку од нешто што може да се нарече толеранција, тогаш сигурно дека сериозно треба да преиспитаме некои основни постулати во образованието. Да биде парадоксот уште поголем, идните учители и воспитувачи од македонска и албанска националност не само што н еможат да најдат заеднички јазик, туку не можат да воспостават и дијалог. Едните демонстрираат во зимскиот, другите демонстрираат во летниот семестар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Велковски побара реплика.

**ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани пратеници, го користам правото за реплика, бидејќи бев така да кажам спомнат овде, а со тоа навредливо можам да кажам и со тоа беше навреден и Сојузот на студенти, а со тоа и 25 илјади студен- ти кои ги застапувам.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Репликата е на мојата дискусија?

**ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ:**

Не, на претходната дискусија. Го користам правото за тие 25 илјади студенти да излезам и на некој начин да ги насочам овие обвинувања далеку од нив.

Сакам само да посочам уште еднаш дека Сојузот на студентите при Универзитетот "Кирил и Методиј" секогаш е спремен за дијалог и соработка во правец на унапредуваше на меѓунационалните односи. Овој наш Универзитет "Свети Кирил и Методиј" во Скопје е секогаш

отворен за сите млади луѓе кои имаат желба да се образуваат и унапредуваат без разлика на нивната национална припадност. Ова мото Сојузот на студенти при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" секогаш го пропагира во Македонија и надвор од неа. Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" претставува легална организирана организација која ги опфаќа сите студентски организации, преку кои бројот на студентите кои студираат на овој Универзитет брои 25 илјади студенти, што значи дека Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" ги застапува и ги обединува сите 25 илјади студенти и секогаш ќе биде за нив и ќе ги брани нивните, како и своите барања.

Во контекст на тоа, сакам да напоменам дека Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј"секогаш ќе да- ва конструктивно решение кое го оценува спрема форумите на одлучување кои партиципираат во организацијата. Тие форуми се Сојуз на студенти, односно Извршен одбор и матичните организации.

Ние се разликуваме од Педагошкиот факултет во начинот на дејствувањето во однос на донесувањето на Законот за јазиците на националностите на Педагошкиот факултет, бидејќи ние се одлучуваме за институционално решавање на проблемот, а другите се одлучија за начинот кој што ни е познат. Сакам да кажам дека на тоа имаме верифицирани поддршки, односно ставот на Сојузот на студентите е произлезен од матичните организации, кои 90% се одлучија за ова делување.

На крајот, да не должам многу, сакам да кажам дека Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" - секогаш го кажувам со целото име бидејќи мислам дека има голема важност, секогаш ќе работи според своите статутарни определби, а тоа се неполитизираност, антинационалност, толеранција и соживот, бидејќи

мислам дека во време на голема политизираност ние треба да бидеме она со кое сите се гордееме, да бидеме студенти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани господа, јас ќе го замолам претседателот по- доцна да се вклучам во дискусија, бидејќи очекувам многу важна информација, подетална од Гостивар ако може.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, господине премиере, господа министри, дај боже информацијата позитивна да биде од Гостивар.

Размислував како самиот да се поставам на оваа седница, и покрај тоа што повеќе ценам човек слободно да се изрази така како што се чувствува и ги цени работите, со оглед на почит на темата и значењето на самата седница, се определив ова што сакам да го кажам да биде во писмена форма, иако знам дека за слушателите тоа е малку потешко.

Прво, сакам да кажам дека денешната тема всушност и не е една од темите проблемски во Република Македонија, но дека се работи за една тема над темите во овој момент, затоа што сите тешки теми како што се економските, па и некои други пропратни теми, штедачите, штрајкувачите итн. се теми, па и економските теми се теми од помалку или подолготраен карактер, меѓутоа, меѓунационалните односи, односи

имаат трајно и исклучително значење. Истите нужно треба да се засноваат на одредени поцврсти начела, кои ќе се преточат во правни норми, во механизми за општествено и политичко организирање во сета хоризонтала и вертикала во државата. Се разбира, и начелата и конкретните инструменти за спроведување на политиката во меѓунационалните односи не се статички, не се непроменливи категории. Секое начело има дијалектика на свое настанување и динамика на созреваше, како што и секој механизам како систем има своја динамика, динамика на квалитетот на операционализација. Битно е да се разбере, да стане доминантно мнение, свест и политичка волја на чинителите дека национална конотација и одлика нужно ќе содржат многу механизми во нашиот општествено - економски, образовен, културен, политички, социјален итн. систем и дека тој колорит, ка- ко што рече и премиерот е наше заедничко постоење, да кажам наша судбина. Заправо тука е и едно од клучните прашања од оваа област, а тоа е нашиот поглед, поимање, доживување на плуралниот културен амбиент и нашите објективни разлики. Вистина, како ги доживуваме ние разликите кои не можеме одеднаш да ги надминеме. Дали ги разби- раме нив како наше богатство или наша деградација, како наша среќа или несреќа и во емотивна смисла на зборот. Притоа, по се из- гледа клучна е следната премиса. Плуралниот национален, религиозен и културолошки состав на населението нужно содржи соодветни специфичности и специјалности кои преку механизми се протегаат да кажам во соодветна ширина во општественото организирање, со кое се одржува идентитетот и своевидноста на различитостите, во што си- те во заедништво се потврдуваат и субјективно се поставуваат како чинители. Таквите механизми, ако се одраз на заедничката волја, тогаш не се само волја на еден дел од општеството и не водат кон сепарација. Тие инструменти се во интерес на сите и во функција на поголема општествена

хомогенизација. Тоа што сеуште таквите механизми и модалитети кои ја одразуваат различитоста изгледаат како неприродни само е доказ за тоа дека сеуште со разликите како реалност вградена во системот не сме се помириле или добар дел од нас не се помирил и дека сеуште плуралитетот не е вграден и всадена составка на нашиот ментален склоп.

Еве пример кој по мене тоа може да го покаже. Зошто на пример учењето на различни јазици во нашиот образовен систем, наместо да се гледа како напоредна форма во остварување на единствениот образовен систем во Македонија, паралелна форма, тој нај- често се гледа и третира како паралелен систем, одвоен систем кој води кон дезинтеграција. Зошто? Ова до толку повеќе ако се има предвид дека целиот систем мора да се заснова на единствени програми и на единствени наставно - воспитни цели. Или зошто мора да се прави некоја градација меѓу стандардите за употребата на јазикот на нивото на наставата. По мене, во една поблагополочна состојба логично е секој образовен систем да има свое заокружување и тој по своја содржина и цели да биде единствен. Меѓутоа, неговото единство не се нарушува ако во неговото остварување се внесуваат и форми кои се израз на потребите и барањата на заинтересираните, односно такви форми со кои се постигнува поголема ефикасност и квалитет.

Инаку, подинамично, поефикасно и поквалитетно образование, еве во овој случај на албанците, како што многу пати овде е речено, е и тековна и трајна потреба и на албанците и на Македонија како целина. Образованието денес не е никаква суетна амбиција на поединци, групи, политички партии итн. Тоа е основен услов за продуктивна и креативна сила на поединецот и на општеството и државата во целна. Замислете, денес во 19 97 година претседателот на држава со највисок технички и

научен домен во светот, претседателот на САД повикува на повисоко, посеопфатно и поквалитетно образование на сите американски граѓани, внесувајќи го тој принцип како државна програма.

Оттука, сакам да подлвечам дека треба да се искористи нараснатата свест кај албанците, која секогаш не била на ова ниво, за поинтензивно и поквалитетно образование и да се најдат форми кои тоа ќе го обезбедат, со оние сили, а веруваме дека такви сили Македонија има, кои оваа потреба ја уважуваат и сакаат да дадат свој придонес, секогаш може да се разговара за формите низ кои тоа може и треба да се постигне и тука дијалогот не може да биде затворен. Со оние пак сили кои се против образованието, особено мислам на албанците, и кои дури ја навредуваат нивна интелектуална способност, рака на срце, нема што да се разговара.

Демонстрациите, штрајкот со глад, парадите, политичката халабука околу тоа кој ги поддржува демонстрантите, вклученоста во таа поддршка на раководства на значајни партии, претставници на важни институции и заедници, релевантен број на поединци и тн., навистина и збунува а и зачудува. Со оглед дека во сета оваа политичка гужва, всушност, се работи за борба против - така по се испаѓа - образованието на свои граѓани, на свои колеги, со оглед дека де- монстрациите се послужија со примитивна иконографија и фолклор, со оглед дека со некои постапки, пароли и појави покажаа дека основна цел им е создавање на албанофобска политичка клима и национална хомогенизација на антиалбанска основа, некои екстремни групи сред албанците се мошне задоволни од вакви нешта. Зашто оваа атмосфера им отвора сега на нив пат за сопствен ангажман на хомогенизација на албанците на антимакедонска основа, а некои пак од нив со овие појави ги оправдуваат некои сопствени екцеси веќе видени појави и поведенија. Има и такви мислења според кои овие случувања се само на штета на

македонците, дека се работи за беспоштедна борба меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и дека тоа нас албанците божем не треба да не интересира.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Партијата која јас ја застапувам нека ми биде дозволено да кажеме мала, ама одбрана, засега не носи многу гласови, но по наша оцена создава валидни политички предности - Демократскиот сојуз на алабанците - Либерална партија не мисли така. Се што се случува во Републиката се однесува на сите нас особено оние случувања кои сакат да рушат веќе некои постигнати демократски вредности и кои нудат ретроградни идеи и програми за кои мислевме дека веќе и припаѓаат на минатото. И повеќе од тоа. На виделина се сили кои сакаат низ оваа скоро беспредметна бука да создаваат услови во смисла на амбиент, расположение, начин на мислење со што би можело да почне изместување од социо - политичкото лежиште целиот спектар на националната конституција и позиција на Македонија и пошироко од албанското миље во Македонија. Со алуии и конотации кои го повредуваат и државно - правниот и меѓународниот субјективитет на Македонија. Токму затоа, како се чини зад или пред овие настани стојат и такви сили појавата може да има и пошироки димензии и потешки последици.

За такви сили сосема е прозира наводната нивна тревога за заштита на македонскиот јазик кога истите немаат ништо против тоа што во вкупниот печат на пример во киосците во главниот град две третини не се македонски. Кога во еден дел на македонскиот печат и периодите отворено се проблематизира па дури и отворено негира македонското национално битие. Кога еден важен политички субјект го охрабрува релавитизирањето и проблематизирањето на македонскиот јазик во една странa држава итн.итн.

Кога се работи за инволвирање на младите во оваа по мене пак непотребна гужва треба да се прави разлика помеѓу младите и

малолетните. Еден број на млади таканаречени организатори зад кои стојат други организатори се политички инструментализирана сила на политичка матрица за која погоре зборував. Додека малолетните деца, од средните училишта како и во други веќе видени случаи се жалосна и нехумана манипулација која според мене мора да подлегне под некоја морална па ако треба и кривична санкција на нивните воспитувачи. Во случајот на политизација на малолетниците целиот школски и образовен систем доживеа некаков вид удар особено од воспитна гледна точка. Таква пристрасност насобрана кај тие млади благородни души навистина е криминал, како од аспект на наставните содржини, така и од начинот како се изведуваат наставните единици.

Како и да е децата не се криви. Криви сме ние во семејството, во образовниот систем, во општеството во целина. Анализата на институтот за социолошко правни испитувања само покажа дека е нужна хитна перестројка на нашиот систем на образование и од програмска гледна точка и од потребата на предикација на едукаторите. Наставниот кадар одамна е оставен сам на себе кој по се изгледа сите свои фрустрации на некој начин ги истура пред децата.

Што се однесува до штрајкот со глад сакам да подвлечам дека мојата партија и јас лично верувам и пошироко од тоа затоа што такви изгледи имаше многу ја изразуваме нашата загриженост за здравјето на штрајкувачите и апелираме веднаш да го прекинат штрајкот а за своите барања чекаат одлука на институциите на системот. Меѓутоа, бидејќи меѓу нив и неколкумина се главни јавни и формални организатори на демонстративните манифестации молам да ми се дозволи во оваа прилика да кажам неколку збора.

Независно од нивните политички определби зедовте или зедоа голема одговорност и придонесоа во заострувањето на меѓунационалните односи и влошувањето на политичката состојба во Република Македонија. Не верувам дека е тоа свесно, дека тоа свесно го сакаат, затоа што нивната младост не може на оваа возраст да насобере толкав песимизам и грев кон други. Тука не мислам само на албанците, туку и кон се друго кон што они се спротивставуваат. Оваа заедница може да напредува само ако сите заедно впрегнеме во продуктивна, креативна демократска и соли- дна заедница.

Во актуелната политичка состојба има уште една политичка матрица која не може да се избегне ако се сака барем приближно да се дофати актуелниот политички миг. Имено, борбата за власт на главните политички партии, по моја оцена, нека ми биде дозволено како постар пратеник борбата за власт на главните политички партии не се движи по линија на нивните програмски цели и намери и нема секогаш содржина на алтернативни решенија со убедливи односно аргументирани содржини. Таа борба за власт се повеќе од некои партии и нивни делови навлегува во некои води кои имаат се побитна конотација на непријателски односи отколку опоненти односно конкуренти. И повеќе од тоа. Во таа борба се внесуваат механизми кои сакаат демократијата да ја заменат со некои популистичко принудувачки механизми кои можат да предизвикаат во најдобар случај недемократски методи на владеењето а во најлош случај општ хаос со елементи на граѓанска војна, како за жал и со болка го кажува тоа денес се случува во Албанија.

Затоа пак во име на АДСЛП апелирам да се одржи достоинството на партиската борба со која низ придобивањето на волјата на граѓаните врз демократска и солидарна основа ќе покажеме своја способност да ја освоиме власта и со неа да се служиме за разрешување и средување на

сите односи и проблеми кои што ги тиштат и ги болат нашите граѓани. Дозволете ми на крајот да кажам неколку збора за декларацијата за унапредување на меѓунационалните односи во духот на толеранција, взаемност и почитување.

Со сигурност може да се каже дека авторот на декларацијата односно предлагачот немал намера и не можел со неа да нуди конкретни решенија за актуелните и отворени прашања и проблеми во Републиката. Авторот бил свесен како и сите ние дека се работи за мошне значајна, деликатно и би рекол судбоносно прашање од животот и развојот на нашата заедница и затоа е добро ако барем на почетокот имаме основни постулати за методолошкиот пристап кон проблемите и за основните начела за процедурата низ која тоа треба да се одвива. Ова ни е потребно заради две нешта.

Кон проблемите  на планот на меѓунационалните односи односно меѓуетничките односи не треба да се тргнува, како народот вели, преку трупа односно без нивно темелно проучување како од аспект на состојбите, така и од аспект на нивната можност за реализирање.

Второ, кон овие прашања продуктивно може да се пријде само со трезвена глава со добра волја, со урамнотежено задоволување на посебните и општите интереси во општеството.

Од овие причини јас ја прифаќам декларацијата и предлагам по можност да се прифатат некои амандмани што групата од ПДП ги предложи. Инаку мислам дека како основа може да биде како база за натамошна расправа.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, кога претседателот на Собранието му даде збор на: претставникот на

студентите ми падна на ум едни стихови на Максим Горки, дозволете да го цитирам српски, затоа што така сум го прочитал вели: "Мудростима младих ми певамо химну". И бидејќи се работеше за млад човек очекував и по некоја мудрост. Меѓутоа ме разочара затоа што во неговиот вокабулар многу ми личеше на вокабуларот на еден партиски лидер веќе виден на оваа говорница. Но, што е тука е. Меѓутоа, тој млад човек во едно беше во право. Ако повод за денешната расправа се студентските движења тука и штрајкот ние навистина правиме замена на тезите, затоа што студентите точно знаат што бараат. И младиот господин не потсети дека тие бараат укинување на Законот, оставка на министерката, укинување на квотата итн. И место тоа ние разговараме за унапредување на меѓуетничките, меѓунационалните односи. Но, сепак и ова е добро. И ние во партијата за демократски просперитет оценуваме дека е навистина добро но и задоцнето, затоа што и денеска имав прилика од еден многу добро- намерен дискутант да слушнам серија на обвинувања на линија пратеници - албанци беа против референдумот, беа против, не го гласаа Уставот итн што навистина е точно. Меѓутоа, малкумина или не сакаме или не знаеме дека оваа партија за демократски просперитет, односно нејзината пратеничка група по повод распишувањето на референдумот на оваа говорница излезе и јасно и недвосмислено кажа - Партијата за демократски просперитет која што во тоа време го претставуваше мнозинството на албанското население во Македонија и програмски определена за самостојна, суверена Република Македонија во нејзините сегашни граници. Тоа го рековме тогаш, велиме и сега и таа определба е трајна. Останува.

Но, ние тогаш кажавме и упорно овие пет-шест или седум години, колку ги има повторуваме дека ние не сме за било каква Македонија. Ние сме за демократска Република Македонија на рамноправни граѓани без разлика на нивната национална припадност. Ние може да се убедуваме

дали јас кажувам невистини тука ако тврдам дека во одделни сегменти, во одделни моменти или секојдневно ако сакате се чувствувам нерамноправен како се чувствувам, зошто се чувствувам, ги оставам тие прашања за друг облик на разговор, договор итн.

Јас само сакам да ве потсетам дека неколку пати сме инсистирале без предрасуди да разговараме за меѓунационалните односи во Република Македонија или како што некој сега најде една нова теорија за меѓуетнички односи така нека биде. За да прашањето на меѓунационалните односи во Република Македонија не биде предмет на дневно политичко договарање меѓу политичките партии во Република Македонија, туку да има една константа, да има една линија која што ќе биде крајна. Место тоа ние или ги прикриваме проблемите, а се разбира дека ако проблемот се прикрива не му помагате на проблемот да се решава, вие само го одлагате. Или пак тврдиме дека имаме проблеми но тие не се толку нагласени изразени, не се толку тешки итн. И продолжуваме кон ова прашање да се однесуваме како кон едно од прашањата кои треба во од да се реши. Ќе ми дозволите да кажам дека ова прашање не треба да има таков третман. Ова прашање треба да има третман на основно, главно, фундаментално прашање од кое зависи и мирот и стабилноста на Република Македонија. Не е ова никаква закана, само укажување и како такви треба да се прифати.

Затоа бидејќи ние не успеавме на почетокот да се договориме кон некои основни прашања ни се случи тоа што ни се случи. Се случи да не гласаме, на Референдум да не излеземе, ниту за ред други прашања кои што тука таксативно беа и наброени. Јас само потврдувам дека е тоа така. Затоа треба да се види и причината поради која е дојдено до таа ситуација. Јас не велам дека се тоа што ние тоа време предложивме со таканаречената декларација за статусот како ние се гледаме себе си во

Македонија, се разбира соодветно на тоа би се применувала и за припадниците на други националности, но беше паметно да се прифати да се разговара на таа тема. Место тоа ние отидовме дебатиравме околу три-четири часа дали таа декларација да се внесе на дневен ред или не и по тој повод беа искажани разни дисквалификации, разни инсинуации, дури од типот дека таа имплицира сега реализација на Македонија и ред други работи што самата декларација не ги содржеше.

Но, добро е што сепак разговараме но немам никакви илузии дека денес ние разговараме за проблемите затоа што предлогот на декларацијата впрочем и нема таква задача. Таа зборува за приодот во разрешувањето на проблемите. И тој приод е фантастичен. Никој ниту една забелешка не може да постави затоа што се говори за дијалог, а кој е против дијалогот. Што е антитеза на дијалогот. Се говори за меѓусебно почитување, спротивно на тоа е непочитувањето. Не е продуктивна работа. Значи, повторувам основниот, појдовната основа помеѓу националните групи во Македонија постои.

VII/1.- CJ-ВБ

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (Продолжение)

Тоа е Република Македонија, демократска, независна и самостојна држава. Правна и каква сакате. Се друго, се друго, може да биде предмет на договарање. Се друго може да биде предмет на разговор меѓу нас, независно дали на крајот ќе се согласуваме или нема да се согласуваме. Меѓутоа, ние мора да разговараме. Но, јас се извинувам што морам јавно да кажам дека ние сакаме, мораме и ќе разговараме со политички партии и политички субјекти македонски, за да биде појасно, со демократска провиниенција но за жал и меѓу нив нема утврден став, нема заедничко утврден став, кој е тој став спрема националностите, затоа што во секојдневната практика ние слушаме разни градации на тие односи, од типот"Македонија на Македонците',' од типот соживот, сожителство, а некој вели дека е тоа робобатна кованица итн. итн.

Затоа јас од оваа говорница кој се сеќава добро е, тие што не се сеќаваат да ги потсетам . Не знам дали 1991 година или почетокот на 199 2 година предложив демократските сили во Македонија кои што се убедени дека столб за мирот и стабилноста на РМ се добрите, хармонични меѓуетнички односи да седнат да се договорат на што сме и потоа пак да седнеме, пак да разговараме, пак да се договориме како ќе одиме натаму. И, кога разговараме за овие проблеми, за овие прашања имам една човечка, искрена молба воздржете се да не убедувате што е добро за нас, дозволете тоа да го кажеме ние. Ве уверувам дека најубаво ние знаеме што е добро за нас. Затоа, немојте да ме убедувате дека ако учиш на македонски ќе ти биде многу добро, затоа што лично знам дека тоа не е добро, не е многу добро. И, ред други вакви предлози или поуки што ни се даваат во овој стил.

VII/2.-

Поводот за денешната седница е навистина би рекол малку чуден. Атмосферата не дозволува конструктивен дијалог по овие прашања. Верувајте ми не е добро ние да зборуваме за овие прашања денеска тука, а надвор некој манифестира други определби. Верувајте дека тоа не е добро, затоа што надвор, еве студентот тука кажа дека тие продолжуваат да штрајкуваат со глас ненавлегувајќи во мотивите, во намерите итн. во оправданоста на тоа. Но сепак тоа ни се случува.

Почитувајќи ги и намерите и мотивите на студентите сепак не можам да ги прифатам и да ги разберам. Не сум воопшто сигурен дека ако се укине Законот за Педагошкиот факултет, популарно наречен, на студентите Македонци ќе им биде подобро и дека тие од тој ден ќе живеат подобро ќе им се подобри квалитетот на живеењето и ќе бидат посреќни.

Јас навистина сериозно ги повикувам студентите нека го прекратат штрајкот, нека дојдат да разговараме и ако навистина не убедат дека нив ќе им биде многу добро без тој закон ако тие навистина ќе немаат други проблеми и ќе живеат среќно и ќе бидат среќни ако се укине тој закон, јас им ветувам дека ќе седнам и со студентите Албанци ќе ги убедам тие да го прифатат тоа затоа што еден голем дел нивни колеги ќе бидат среќни и весели поради тоа. Но, не верувам дека тоа така ќе се случи.

Вчера тука ни беа поделени две декларации од европски институции за поддршка на Владата во врска со овие прашања. Видете, добро е тоа што Владата има поддршка за тоа, но морам да кажам дека Владата нема поддршка за разрешувањето на проблемот. Владата има поддршка за приодот кон разрешување на тие проблеми и ќе признаете дека тие се големи разлики. И, немојте многу да се пофалиме со тоа. Приодот е една работа. Приодот е дијалогот, толеранцијата, заемното почитување итн. Тоа е тоа, други методи нема.

Другите методи се конфликт, другите методи се, недај боже, и да војуваме меѓу себе. Што после тоа господо? Еве да претпоставиме дека ја завршивме војната. Што правиме? Пак ќе седнеме , пак ќе разговараме тоа не е наше откритие, тоа се случува насекаде во светот. И не верував дека нам може да ни се случи некое чудо и ние да не постапуваме така како што другите постапуваат.

Поразително е чувството ако некој навистина мисли дека нему не му е добро затоа што некој друг ужива некое право. Тоа господо едноставно не е точно. Верувајте ми едноставно не е точно. Во услови кога програмска определба на партиите на Албанците во Македонија, јас сега зборувам за мојата партија е, а тоа и на дело се докажува, јас бев многу пријатно изненаден синојка кога министерот Ханџиски се поздравуваше со еден војник Албанец кој што пукал по други албанци за да го штити територијалниот интегритет на Македонија. Така ли беше или не беше така. И зашто сега некој со се памет, тука, бара и упорно бара од нас да кажеме дали сме лојални итн. Тоа е навистина депласирана теза за таа лојалност затоа што многу пати сме повторувале и сега повторуваме, Албанците или најголемиот нивни дел се лојални на Република Македонија. РМ и власта во неа треба да се прашаат колку тие со практични мерки и активности придонесуваат таа лојалност да зајакне. Затоа што добро се сеќавам еден од дискутантите од прилика сакаше да објасни како се разрешуваат малцинските, како што тој рече, проблеми во повеќе земји односно во земјите каде што има малцинства, и, каде некои свои видувања што ги респектирам. Меѓутоа, вистината е оваа. Во теоријата е познато дека овие прашања се решаваат:

Прво, со асимилација. Ќе признаете РМ нема време ни капацитет да ги асимилира албанците и другите. Ако има определба за асимилација да каже . Меѓутоа не гледам дека е тоа можно.

Вториот начин е нивното учество во вршењето на власта и на локалната и на централната и на сите. Нивно интегрирање но и нивна одговорност за функционирање на државата, затоа што ако е тој надвор од државата, од државната апаратура, државната власт, од органите тој не чувствува одговорност за функционирање на органот.

И третиот начин ако ова не се прави, тоа друг го измислил, тоа не е мој изум, таа држава, таа власт што упорно одбива националностите да се вклучат во општествениот живот таа нив ги турка во сецесионизам. И, тоа прашање мислам дека мошне успешно и добро беше формулирано во уводното излагање на премиерот. Ние можеме да бидеме добри и лојални и умерени и големи демагози ако сакате, но ние ако навистина свесно не преземеме мерки луѓето да се чувствуваат свои на своето, да не се чувствува дека е обесправен поради неговата национална припадност, ние сакале или не биле за тоа свесни или не, ние таа групација ја туркаме во друга крајност, што сигурно не може да биде цел на една власт која што остварува власт на одреден простор.

Почитуваниот студент пред малку рече, го цитираше Уставот на РМ, не знам што му требаше тоа, дали тој мислеше дека ние тоа не го знаеме. Немам намера да му реплицирам, меѓутоа ако тој така го чита Уставот тогаш ќе дозволи некој Албанец да каже, е токму поради тоа, што албанскиот јазик може да се употребува во локалните заедници каде што тие живеат во мнозинство, ние и заради таа причина универзитетот го основавме во Тетово каде што може на тој јазик да се зборува. Меѓутоа, не е логиката на размислување не треба да биде логика за размислување и за искажување на мисли.

VII/5.-

И, кога сум тука, убаво беше речено ми се чини од г-динот Андов дека ние 1992 или 1993 година предложивме основање на Педагошки факултет на албански јазик. Тоа е сосема точно и до тука г-динот Андов беше многу коректен во искажувањата што тој во тоа време беше претседател на Собранието. Тие што знаат добро е а тие што не знаат нека знаат дека таа работа беше договорена на највисоко државно ниво, да биде така. И јас исто како г-динот Андов се прашувам кои беа силите кои го оневозможија остварувањето на тој проект. И до тука г-динот Андов е во право, но тој не е во право кога тврди дека партијата за демократски просперитет беше против Универзитетот. Тоа никогаш не било затоа што такви дојдоа ситуациите никогаш не е, и сега не е и тоа треба да биде многу јасно. И, ако навистина некој се плаши од тој универзитет треба да разговараме за тоа господо, како да најдеме формула никој да не се плаши од него. Ние сме тука исправни да разговараме за се. Ве уверувам токму за се, друг начин на решавање на проблемите нити сакаме, нити можеме, нити некој од вас се надевам ниту еден од вас не се залага за нешто друго.

Зашто правиме баук теми зошто правиме табу теми, зошто ги создаваме тие теми па потоа се спротивставуваме на нив. Единствен начин е упорно да разговараме, упорно да најдеме начин како да ги решаваме постојните проблеми што ги имаме, за жал ги имаме. Веројатно нема сите проблеми да ги решиме, меѓутоа добро е да ги имаме што помалку и за тоа се залагам.

Уште еднаш,сосема на крајот сакам јавно пред оваа говорница да ги повикам студентите да прекинат со штрајк, да седнат уште еднаш да се преслушаат меѓу себе каде тоа ги води.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (продолжение)

И не сум јас тој што треба да ги советувам нив, затоа што претпоставувам дека тие подобро од мене некои работи) ги знаат, да не се користат неприфатливи и непопуларни поводи како што се меѓунационалните односи за покренување на политички прашања. Бидејќи ќе простите, барањето за оставка на Владата е сосема политичко прашање, тоа не е прашање туку така произлезено од штрајкувачкиот одбор. Тој сепак има некој ментор. Во оваа земја има многу поводи да се биде незадоволен и тоа незадоволство јавно да се манифестира. Нека најдат некој друг повод. Овој повод е многу лош, овој повод не може да заврши добро, затоа што придонесува секој ден во тензионирање, во електризирање на меѓунационалните односи во Македонија, а нам тоа никогаш не ни требало и не ни треба и нема да ни треба, а најмалку во овој момент тоа ни е потребно.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, господа министри, господа пратеници, веста што ја чека колегата Стојановски мене ми е позната и ќе му ја препуштам тој да ја елаборира, а таа е содржана и во мојот говор.

Како пратеник од Гостивар чувствувам потреба и должност да кажам неколку реченици за оваа вечна тема во вечна Македонија. Вечна тема, бидејќи меѓунационалните односи, биле, се и ќе останат главна спона на стабилноста на РМ. Тие во поранешниот еднопартиски систем беа диктирани, а во сегашниов повеќепартиски се премногу експлоатирани од одредени партии. Впрочем тоа јасно се гледа и од писмата што се испратени до ова Собрание за оваа седница од лидерите на ПДПА и ВМРО-ДПМНЕ во кои седницата ја сметаат за непродуктивна и празна реторика нејзината декларација и обид на владеачката партија

СДСМ да ја симне сопствената одговорност за севкупната криза во државата. Јас ќе настојувам во својата дискусија да ги одбегнам некои делови кои веќе беа кажани, но некои морам и да ги повторам бидејќи имаат битно значење во сложените односи на живеење во повеќенационалните средини. Во целост ја поддржувам предложената декларација и воведното излагање на премиерот. Но за успешни и меѓунационални односи не се доволни само декларации, пишани закони, меѓународни концепции, туку и нешто повеќе во хуманоста на тие односи почитување на морални, обичајни, традиционални норми во кодексот кој со стотици го- дини го граделе нашите дедовци, татковци. За Гостивар е карактеристично тоа што помеѓу македонците како државотворен народ иако се во апсолутно малцинство и албанците како најмногубројна националност турците се како еден стабилизирачки фактор и другите помалку бројни националности Ромите, Власите, Србите и др. кои го дополнуваат мозаикот по кој Гостивар е препознатлив. Меѓутоа, со исфрлањето на турскиот јазик од званичната употреба од страна на Советот на општината и овој амортизирачки фактор ги губи своите права стекнати веќе со децении што секако допринесе за понатамошното нарушување на меѓунационалните односи во општина Гостивар и сите населени места со умешано население. Оваа седница е закажана во драматични опкружувања на нашата земја за која сите ние и секој наш граѓанин треба да е загрижен и потребно е конечно да се издигне над личните, националните и тесно - партиските интереси. Крајно време е интересите на РМ како држава на сите нејзини граѓани да се стави на прво место. Инсистирање за еднакви права е постигнато со Уставот кој на секој граѓанин на РМ му ги гарантира, но и обврските се еднакви. Во борбата за власт, партиите не бираат средства и начини , а одредени партии посегаат и по децата како средство, како тоа што се случи со наводното труење во Тетово и тетовските училишта кое за жал сепак

остави трауми и последици кај одреден број на деца. Користејќи ги демократските процеси и често злоупотребувајќи ги партијата на албанците на ПДПА со еден воинствен поход ги заседе општините Гостивар, Тетово и другите новоформирани од овој дел на Македонија и со своите застрашувачки настапи и нескромни изјави и барања за подигање на локалната самоуправа над државната доведе до големо нарушување и влошување на меѓунационалните односи исто како што го сторија тоа ВМРО-ДПМНЕ и другите национални партии пред првите парламентарни избори. Обединети околу таканаречениот тетовски универзитет албанците како најмногубројна националност во Републикава префорсирано со уцени и закани ги поставуваат своите барања за легаризирање на истиот не ценејќи ги сите напори на државата сите разумни барања да бидат остварени во институциите на системот во временско и економски условени етапи. Ваквиот за никого неприфатлив стил ги поремети сите односи, па меѓунационалните и за жал го пробуди македонскиот национализам кој ниту е испезнат, ниту може лесно да исчезне од познатите историски причини. Протестите на студентите на Педагошкиот факултет и ученици македонци не се ништо друго до погрешно насочена енергија и нивно користење во политички цели. Штрајкот со глад веќе не е протест, туку пркос непотребен ирационален и штетен. Негативните последици предизвикани од една и друга страна се веќе јасно присутни во Гостивар, па затоа треба голема енергија, ум и труд на сите одговорни фактори и на сите граѓани да се надмине катастрофата што демнее над РМ. Чувството за бесперспективност на голем број млади завршени кадри од македонците во Гостивар и од другите националности и од националностите, помислата за напуштање на својот роден крај не е само од влошените меѓунационални односи, туку и од низа други нерешени проблеми, а пред се

големата невработеност, нерешени егзистенцијални проблеми и други со кои треба најитно да се занимава државата и Владата, а сигурен сум дека со решавање на основните проблеми од витален карактер и нараснатите тензии ќе спласнат. Имаме многу проблеми кои треба да се решаваат било тоа да се на внатрешен план на земјата, или од нејзината надворешна политика и афирмација. Но, тоа треба да се прави само преку изградените институции на системот кој треба да се доградува и проверува и кои се за нас мала и лоша опкружена балканска земја најдобар и најдрагоцен механизам за разрешување на сите проблеми. Тоа не е и не може да биде уличната демократија во која кај нас доминира сеуште ирационалното над рационалното, балканскиот менталитет и јужниот темперамент.

На крајот би завршил со една медицинска порака која сметам и во оваа прилика е најприкладна. Превентивата е најдобра куратива.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, добро:е што конечно по барање на Либералната партија се постави една многу суптилна точка на дневен ред иако оваа точка на некој начин е модифицирана, меѓутоа сепак сметам дека опфаќа во суштина и во содржина темата за која треба да расправаме денеска, односно и вчера во Парламентот. Но, прво би сакал да кажам дека учеството, или повикувањето на учеството на вонпарламентарни партии па асоцијации дава еден нмов тон на работа на овој Парламент што секако дава нота на некаква дебатна, или дебата која треба да се расправа во овој Парламент. Сметам дека една ваква практика понатаму не би требало да се применува со оглед на фактот дека сепак Парламентот е тој што донесува нацрт закони, дискутира околу тие закони, а ваквите дебати кои како што рече колегата потпретседател во својата дискусија потсетуваат на некакви минати времиња со некаков широк спектар на учество на

повеќе партии и асоцијации кои се вон парламентот даваат некаков подруг тон на расправата и мислам дека можат квалитетно да допринесат но ефектот веројатно на крај ќе биде многу помал.

Меѓуетничките и меѓунационалните односи претставуваат и секако се една од најбитните подлоги покрај економските и социјалните и политичките на кои се базира внатрешната стабилност на секоја држава вклучувајќи ја и нашата. И најверојатно ваквата тема на расправа можеби не би предизвикала некое големо внимание ако таа се расправеше во некоја средноевропска земја со развиена демократија и стандар на живеење, но доколку оваа суптилна тема се расправа на Балканот во една земја која е во транзиција како што е нашата, во амбиент на внатрешни, економски и социјални проблеми, и во надворешно опкружување со н,емири и незадоволства, таквата расправа добива сосема друга конотација. Но дали беше потребно да чекаме и да се доведеме во ситуација да под еден емоционален набој и во ситуација кога меѓуетничките и меѓунационалните односи дојдат до точката на вриење во Републиката конечно почнеме да расправаме по оваа тема во највисокиот законодавен дом . Дали требаше да чекаме да се појават улични манифестации на незадоволство и национални изливи од страна на студентите и средношколците во државата кои во некои градови во Републиката беа на работ на меѓунационални судири, па да конечно реагираме и расправаме во стилот пожарот е запален, дајте да го гасиме. И најпосле дали требаше да дојдеме во ситуација група млади луѓе да посегнат по својот сопствен живот почнувајќи го штрајкот со глад за да ова прашање како топ тема се подигне на прашање на национален интерес и се расправа еден шекспировски стил да се биде, или да не се биде. Секако дека не! Очигледно дека меѓуетничките и меѓунационалните тензии веќе одамна биле и се присутни во нашата држава

посебно во западниот дел на државата за да во спрега со економските и социјалните тензии добијат своја резултанта во уличните изливи на неконтролирана енергија во Скопје, Тетово, Гостивар и во други градови манифестирана со националистичка и шовинистичка иконографија. Повод , односно катализатор до ваквите тензии и состојби да доведат до кулминација е и излив на огромна национална и националистичка ентропија кај младите луѓе во повеќето градови во Републиката беше донесувањето на Законот за употребата на јазиците на националностите во Педагошката академија на универзитетот "Кирил и Методи" во Скопје Ако ова беше повод тогаш причините беа сосема други. Фактот дека ваквите националистички тензии и состојби потпомогнати со економските и социјалните веќе подолго време беа присутни во повеќе среди во Републиката посебно во средините каде што живеат повеќе национални жители покажува дека прво или не биле на време канализирани и санкционирани и од институциите во системот, поточно и од извршната власт или второ на нив се гледало како на наивна национал - романтична еуфорија која како своевиден хепиенд завршува на нивото на приватни журки, односно национални хепенинзи. Јасно е дека веќе подолго време затаиле институциите во системот како и Владата на РМ во решавањето на овие проблеми пред со прво, институциите кои се занимаваат со воспитно образовната дејност посебно во делот на развивањето на чувството на соживот и толеранција кај младите луѓе. Второ, институцијата како што беше Советот и е Советот за меѓунационални односи кој во согласност со член 78 од Уставот е надлежен да ги разгледува прашањата од меѓунационалните односи во Републиката и да дава предлози за нивното решавање. Трето, Владата на РМ и нејзините министерства како што се пред се Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование.

Неефикасноста  и нефункционалноста на Министерството за правда во однос на ова прашање се гледа пред се во неповедување на кривични постапки во случаи каде што беа во еден подолг период превземени противзаконски и противуставни активности како што се на пример. истакнување на знамиња од други земји на јавно место, и на јавни институции во одредени градови во Републиката, второ носење на испишани националистички и шовинистички пароли како што беа повеќе пати повторувани од дискутантите на пр. паролите: македонци продадете ги куќите, албанците во гасни комори, ова е наше, албанците во Албанија итн. Четврто, палење на државното знаме на РМ, како што беше случајот во Тетово. Петто повикување на реколонизација и создавање на паралелни институции како што беше случајот во Тетово и Гостивар. Министерството за внатрешни работи мораше да превземе активности во однос на санкционирање на сторителите на прекршоци со националистички предзнаци со кои се нарушува сигурноста и безбедноста на граѓаните во Републиката. Тоа беа истакнувањето на знамињата, носење на одредени шовинистички и националистички пароли итн. Министерството за образование кое со години толерираше состојби на недифинираност на програмите и прописите посебно за учениците кои учат на јазиците на националности од аспект на закаснетото донесување на Законот за основното образование, Законот за средното образование и сеуште недонесениот закон за високо образование. Јасно е дека ваквата неефикасност и нефункционирање на институциите во системот, односно на извршната власт во однос на решавањето на појавените проблеми во меѓуетничките и меѓунационалните односи предизвика огромна доза на страв и несигурност кај одредени структури и граѓани во Републиката посебно во национално мешовитите средини на живеење , тоа се во западниот дел на Републиката. Сигурен сум дека секој граѓанин на оваа држава од било

која националност македонец, албанец, турчин, србин, влав, или ром, не е , ниту сака да живее , или да гради сожителство со необразован, или полуобразован сограѓанин од друга националност. Сигурен сум дека секој граѓанин на оваа држава од било која националност не е против македонецот, албанецот, турчинот, влавот, или ромот ако тој го почитува Уставот и законите на оваа држава и ако со својот личен пример допринесува за меѓусебното разбирање, толеранција, соживот со граѓанинот од другата националност. Но исто така сум сигурен дека секој граѓанин од оваа држава од било која националност жестоко ќе реагира ако му се спречи правото, или огранички правото за образование и пристапност кон тоа образование особено со членот 44 од Уставот , или сигурно ќе реагира ако неговиот сограѓанин од другата националност не го почитува Уставот и законите на оваа држава. Јасно е дека Владата правела некакви договори и спогодби очигледно со партијата ПДП уште пред три години, тоа беше веќе истакнато, во однос на употребата на јазиците на националностите во Педагошката академија за образување на наставници за основното образование на албански јазик., Веројатно требало уште тогаш тој проблем на некој начин да се реши. Бидејќи - таквата инертност и нерешавање на овие проблеми очигледно доведе до практична реализација на идејата на парауниверзитетот во Тетово како можна алтернатива на постоечкиот и легитимен образовен систем во државата. Ваквата творба на системот акција и реакција која има повеќе политичка отколку едукативна цел и намера создаде и создава сеуште немир и револт кај одредена група на граѓани посебно во западниот дел на Републиката, пред се поради прво неефикасноста и инертноста на институциите на системот да се прават со овој проблем Второ, состојба на топло ладно како неопходност за дневно - политички маркетинг и Трето одложување за донесувањето на Законот за високото образование.

VIII/9

Република Македонија како потписник на сите меѓународни конвенции и договори кои се однесуваат и ги уредуваат правата на националностите и човековите права како што се повелбата на 00Н.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ**: (продолжение)

Универзалната декларација за човекови права , меѓународна- та конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Европската конвенција за човекови права, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, документите на ОПСЕ се и веќе Република Македонија ги спроведе во пракса остварувајќи критериуми во однос на образованиот систем во кој граѓаните можат слободно да пристапат и да се образуваат.

Таквите критериуми треба да се вградат и во Законот за високото образование, кој треба што поскоро да се донесе од овој дом. Секако, водејќи сметка на секоја националност треба да се овозможи во постојниот систем на образование да го постигне својот оптимален процент на застапеност, кој ќе овозможи побрзо и поквалитетно да го надмине јазот во образованието и во културата.

Само образован и европски ориентиран млад македонец,албанец, турчин, србин, ром и влав и други можат и ќе бидат способни да го прифатат, да ги прифатат и да ги решаваат ризиците на новиот, светски, технолошки и економски поредок како крајна цел аз вклучување во сите интеграциони процеси на Европа.

Ова е единствено можно само со меѓусебна толеранција, меѓусебно разбирање, надминување на сите предрасуди и решавање на сите неразбирања во постојните институции на системот, доколку тие на време, рефлексно и брзо реагираат по одредени проблеми кои се јавуваат од оваа сфера.

На крај би завршил со една позната пускула која е веќе кажана дека меѓуетничките и меѓунационалните односи не се ниту формула ниту догма која треба да се преслика и да се препише и  пренесе во било која

држава во светот и кај нас, туку тие треба постојано да се сервисираат и унапредуваат слично како на некаков мотор на автобус кој треба заедно сите да не однесат во Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Митевски има збор.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Господине претседателе, господа министри , дами и господа пратеници,

пред да почнам со своето излагање морам да изразам искрено жалење што студентот кој говореше на оваа говорница е мој сограѓанин а уште повеќе што е дотолку исполитизиран за да ги изнесе ставовите на една политичка партија, а кои се многу добро познати и изнесени на оваа говорница, па и дотолку повеќе што не сакам да ја коментирам неговата дискусија. Јас ќе продолжам со мојата дискусија на овој Парламент, а Вие понатаму ќе оцените за која партија се работи, каде припаѓа и за кои работи се залага.

Несомнен е фактот дека Законот за употреба на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет во Скопје и случувањата во и пред , а нарочно по изборите за локална самоуправа предизвикаа силни и политички бранувања во Републиката и внесоа голем немир кај граѓаните во Република Македонија. Меѓутоа , несомнен е фактот дека тие бранувања немаше да бидат толку силни и вознемирувањата така големи ако тој закон и тие локални избори се случуваа во некое друго време и при некои други околности.

тешкотиите кои што ги имавме при осамостојувањето на државата и нејзиното организирање и меѓународното ситуирање од една страна и

проблемите што ги наметна досегашниот транзиционен период во областа на преструктуирањето на стопанството, економијата, образованието, здравството, социјалната заштита, пензиското осигурување и сите други области од нашето живеење, како и настаните во другите држави во нашето опкружување од друга страна, создадоа погодна почва за деструктивно делување на политичките сили, кои не успеаја или не ја искористија шансата да дојдат на власт на легален или легитимен.

Уште од првите моменти на осамостојувањето , па се до денес тие не испуштија ниту една прилика ако за тоа се создадеа и најмалку услови да не предизвикаат конфликтни ситуации и потреси во земјата. Да внесат немир кај луѓето, најчесто со интриги и инсинуации и лаги, да го закочат развојот со подметнување на заведување на одделни слоеви од населението. А се со цел да докажат дека легалните органи на државата аи институциите на системот не функционираат и не поради друго туку само поради тоа што на власт се некој други, а не тие, иако при тоа не нудеа било какви други решенија. За тие сили во оваа земја беше и сеуште е се црно. Тука се особено сите зла на светот тука нема никаков прогрес, туку само уназадување за нив не постои земја во која се така лошо живее, како во оваа наша земја, тие ја користат својата прилика кога во својата земја , так аи во странство да кажат се најлошо за оваа земја. Среќа е, секако за овој период и оваа земја што има трезвени луѓе кои трезвено мислат и објективно гледаат и судат само врз основ ана аргументи за состојбата кај нас. И ќе речам среќа е за нас што таквите луѓе тука и во странство се далеку побројни од оние со црни очила.

IX/4.-

Секојдневно сме сведоци на признанијата што ни ги даваат бројните делегации и претставници на странските земји и институции за постигнатите резултати. Едно од таквите беа и признанијата и поддршката на оваа земја и оваа власт од претставниците на Европската унија што ги искажа пред неколку дена. Признанијата и поддршката пак нашиот народ ги искажа на оваа власт на парламентарните избори во 1994 и на локалните избори во 1996 година. Меѓутоа, за луѓето со црни очила се што е направено не е направено како што треба, сите успеси с неуспеси, се позитивно е негативно. Таков беше случајот со осамостојувањето на земјата по мирен пат при приемот на земјата во Обединети! нации и ОБСЕ при потпишувањето на времената спогодба со Грција, при нормализирањето на односите со северниот сосед, при прокламацијата на принципот на еквидистанца во односите со соседите и во многу други прилики. секој од нас денес може да ги согледа последиците на оваа земја ако не се постапеше така како што се постапи во сите наведени случаи.

Дами и господа пратеници, за предизвикување на кризни состојби во земјата најпогодни се секако меѓуетничките односи, а при тоа најмногу односите меѓу македонскиот народ и албанското малцинство. Тие односи се објект на користење секогаш кога на другата страна не се успее да се предизвика криза во земјата. Сведоци сме и денес дека тоа осетливо подрачје е предмет на експлоатација во настојувањето да се создаде немир и да се сруши легитимната власт во Република Македонија. Така, под превезот на борба за заштита на Уставот се тргна и во последната битка за освојување на власта со нелегитимни средства. Повод беше Законот за употреба на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет во Скопје на една страна и изборите на локалната самоуправа

на друга страна. Се поставува прашањето зошто инспираторите на студентско ученичките демонстрации во Скопје и во другите градови на Македонија и инспираторите на подизборнтие еуформични манифестации во Тетово заиграа на картата на заострување на меѓунационалните односи. Мојот одговор на тоа прашање е следниот:

Прво, инспираторите на демонстрациите и еуфоричните манифестации знаеја дека добрите меѓунационални односи се еден од важните а би рекол дури и најважниот столб на стабилноста на оваа држава.

Второ, тие знаат дека добрите меѓунационални односи се едно од најафирмираните обележја на оваа земја во меѓународната заедница и дека тоа е белег по кој не распознаваат сите во светот. Очигледно е дека ниту на едните ниту на другите сето тоа не им одговараше. Оттука и едните и другите заклучија дека нарушувањето на добрите меѓунационални односи во овој момент се една од најдобрите можности за дестабилизација на земјата и остварување на своите цели.

Македонските јуришници на власта во минатата година се обидуваа преку собирање на потписи, преку покренување на штрајкови меѓу стечајните работници, незадоволните земјоделци, недоволно ангажираните во производството текстилни работници и градежници, камионџии и други превозници, раздвижени разни унии и независни синдикати, Сенатот на Универзитетот и не знам какви одбори и здруженија со цел да предизвикаат криза и да се помогнат до власта како што тоа го направија другите во соседството.

Кога сето тоа не вроди со плод и кога не ги даде очекуваните резултати тргнаа во поход со други пароли и знамиња, користејќи ги

студентите и учениците односно нивните фрустрации со оглед на малите можности за вработување, невработеноста и слабата материјална основа, положба на нивните семејства и настојувајќи до крај да го разнебитат добрите меѓунационални односи во земјата.

Законот за употребата на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет беше само згодна прилика таа состојба да се искористи и да се посегне помеѓу националните  односи, иако едно од односно како едно од најчувствителните прашања за стабилноста на земјата. Инспираторите на студентските и ученичките демонстрации упорно настојуваат да ја камуфлираат својата главна цел. Заострување на меѓунационалните односи, а преку тоа рушење на власта преку улична демократија. Уште од првите денови секому беше јасно дека уставобранителството беше смислена маска зад која се криеше главната цел на демонстрантите. Тоа можеше да се види и од тоа кои се ороводците на сето тоа. Кои се паролите со кои се настапуваше и кои беа објектите на нападот. Кои можеше да поверува во изјавите дека демонстрантите се борат за своите права, кога правото да учат на свој мајчин јазик никој не им го оспоруваше. Или тие се за Уставот, а го рушеа основното начело на Уставот и го валкаа угледот и достоинството на личноста, извикувајќи и пишувајќи најпогрдни пораки против лицата што беа цел на нивните напади. Или кој можеше да поверува дека не ги мразат албанците, не сакаат да шират национална омраза, а се бореа против употребата на јазиците на националностите во наставата на Педагошкиот факултет во Скопје и над нивните глави се издигаа пароли со кои се предизвикуваше гасни комори за албанците или албански јазик во Албанија и слично на тоа. Меѓутоа, сега сето тоа беше прочитано и сфатено и кога изостана масовната поддршка, маските паднаа и на

улица испаднаа правите инспиратори и се покажаа правите цели и намери. Со маширањето на челниците на некои партии и градоначалници на одредени општини на чело на колоната, која се помалку беше студентска и ученичка, а се повеќе партиска се покажа кој е кој. Со извиците Со оваа власт ќе разговараме на друг начин и против неа ќе се бориме со други средства и со успехот на организаторите на штрајкот со глад, студентите паднаа од глад, но ќе падне и Владата, стана се јасно. Стана јасно дека не е во прашање Уставот, не е во прашање јазикот, туку е во прашање гола борба за власт. За освојување на власта се жртвуваше и здравјето на оние млади луѓе во шаторот во паркот пред Собранието за кои жалеа повеќе сите, отколку тие кои ги втурнуваа во таквите страдања. Но и на друга страна екстремните сили не седеа мирни.

Локалните избори во Тетово и во Гостивар се покажаа како погоден момент за остварување на своите мрачни цели. Комбинаториките околу изборите за градоначалници и конституирањето на советите на општините, извиците на еуфоричните митинзи по изборите во Тетово, Тетово е наше, Тетово е албанско, македонци продавајте ги куќите и одете си во Источна Македонија и веењето на знамиња и пеење на химна на странска држава слични беа ништо друго туку акции и повик за националнана омраза и меѓуетнички судир.

Среќа е само што не дојде до поголеми инциденти, како што можеше да дојде при блиското среќавање на екстремните групи во Гостивар. Верувам дека во таквиот случај ќе ликуваа екстремистите на двете страни, бидејќи ќе се остварат услови уште посилно и побезкурпулозно да ја напаѓаат актуелната власт. Но, што се случи, се случи. среќа не се случи она најлошото. Сега во овој момент кога состојбата во земјата е многу сериозна пред нас овде и пред целата македонска јавност истите граѓани на оваа држава, независно на која

националност, вера и политичко убедување и припаѓаат најсериозно се поставува прашањето што понатаму. Што треба да се стори да се отстрани злото што е надвиснато над оваа наша напатена земја Македонија. Мислам дека друга алтернатива нема, освен сите трезвени политички сили да се ангажираат на сите места, на сите средини и сите заедно да работиме на следното:

Почитување на принципот на правото како основен услов за демократијата. Јакнење и унапредување на меѓуетничката толеранција и меѓуетничките односи. Борба против меѓу етничката нетрпеливост и омраза и нивната употреба за политички цели. Развивање на духот на толеранцијата и меѓусебно разбирање на сите, а посебно на младите. Борба против предрасудите од минатото. И отпочнување дијалог за сите актуелни прашања во меѓунационалните односи со цел за нивно подобрување и унапредување, а разликите да се надминуваат со демократски дијалог и толеранција и во институциите на системот на државата.

Сметам дека ако сто ова го сториме и обезбедиме иднина на оваа држава, ако пак не успееме ќе треба почитувана господо како тоа што го вели народот, како тоа народот го вели, да му се помолиме на господ, бидејќи ниту за македонците е спас Источна Македонија, ниту за албанците е спас Албанија, туку тука ќе ги развееме во оваа земја нашите коски и коските на нашите деца, како што се случи слично во соседството.

И на крајот, имајќи го предвид сето досега ја подржувам декларацијата за унапредување на меѓуетничките односи во духот на толеранција, дијалог, взаемно почитување и доверба и предлагам Собранието да ја усвои како акт на овој највисок дом врз основа на која ќе се унапредуваат меѓунационалните односи во Републиката.

IX/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред да дадам пауза за ручек сакам да Ве замолам ако можеме да ја завршиме оваа седница денес,односно вечерва, затоа што во среда не чека исто така една долготрајна, веројатно, седница за штедните влогови за штедачите и штедилниците.

Пријавени за дискусија има уште 16 пратеници. Значи, молбата е да бидеме точни во 16,00 часот во салата за да можеме да си ја завршиме работава до крајот на денот односно вечерва.

Пауза до 16,00 часот.

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Игнатие Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГРАДНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници,

Кога човек ќе прави еден концепт за дискусија, а по прашањето на меѓунационалните односи, или етничките односи на овој простор, не може а да не се присети дека без оглед чија иницијатива беше, а иницијативата од Либералната партија за разгледување на состојбата во Државата по повод демонстрациите односно штрајкови.

Сметам дека Владата со Предлогот извлече едно суптилно прашање, кое што го издигна на една поголема висина, затоа што евидентно во делот на демонстрациите, она што го гледаме тоа е тука.

Кога веќе зборуваме за оваа проблематика, би сакал посебно на извесен начин да продискутирам за прашањата кои се врзани за хуманиот, или пак да кажам човечкиот однос, а тоа е една високо диференцирана вредност на човечвото како хумани вредности, вредностите во воспитувањето, вредностите во образованието, во знаењето.

Ако се согласиме дека тоа претставува темел, почнувајќи на една фамилија, на еден човек, тоа претставува и темел на една држава. Вредностите на знаењето немаат свои граници, немаат своја нација и

сите тие вредности припаѓаат на сите луѓе на светот.

Од овој аспект, со тие сознанија кој што сакаме да ги имаме, без оглед на која нација се одредува, сакам да се осврнам и во кратки црти ќе ја парафразирам мојата дискусија по повод донесувањето на Законот Педагошкиот факултет. Човек треба да има доблест да има интегритет, за да може своето знаење и да има храброст тоа знаење да го искаже, да се судри со контра аргументи, или аргументи и на другата страна.

Дами и господа, на овој простор нема друга алтернатива, освен соживот со сите нации, народности и луѓе кој што живеат на овој простор. Сите проблеми треба да се разрешуваат само низ систем на дијалог.

Ако така случајно, или делумно намерно го нареков исконското право на образованието во основното образование на албанската народност, дека е тоа геноцитски, нешто вродено, нешто што треба да остане стерго после породувањето, доаѓањето на свет на младиот човек.

Ако реков дека образованието во средното образование каде може и има возможност со одредени училишта да се учи како право стекнато, или стечено, или да се стекне, тогаш зборуваме за една форма, така да кажам на фенотипско решение. Кажав и за Високото образование, со тоа што едукативниот дел, образовниот дел луѓето во основното образование да можат да се образуваат по критериум на јазик, на мајчиниот јазик, затоа што не се разбирам од педагогија, не се разбирам од методика, има повеќе стручњаци, меѓутоа, сигурно во таа методика, во искажувањето на професорот може да му долови одредени сознанија

повеќе на мајчиниот јазик.

Но господо, многу овде зборуваа во прв впечаток, кога почна оваа седница,имав еден впечаток дали се повторува историјата или е дали е оваа од една од последните седници на ова собрание, како што беше една од последните седници на Собранието во Босна. Меѓутоа, преовладаа тивки тонови, филозофски размислувања, имаше ирационални ставови, меѓутоа преовдлата елемент на толеранција. Нема друга алтернатива на овој простор.

Ако ние денеска имаме образование, Македонскиот унниверзитет ќе слави 50 години од постоењето. Ако во интелектуалниот, а за тоа нешто подоцна ќе зборувам, за интелектуалниот попуст на нашиот Македонски универзитетски кадар. Ако заостануваме зад светот и во технолошкиот и техничкиот развој. Ако не можеме да користиме врвни технички или технолошки достигнувања на овој простор, а за тоа имаме безброј примери каде оваа држава или ова општество, набавени се доста инструменти кои што никогаш не се користеле, затоа што подоцна се сметале дела ќе се едуцираат луѓето за работа со тие инструменти. Се испоставило дека времето сите инструменти ги прегазило.

Во принцип спаѓам во групата на космофолите. Сум за сожителство, за разбирање и мислам ако повеќе луѓе бидат како мене нема да има проблеми во оваа држава. Но едно сакам да кажам. Читајќи некни видов дека ме фрапира и еден податок дека нема свесно да кажам на кој Универзитет ваков или онаков е формиран и Факултет за фармација. Сигурно утре индикациите зборуваат дека ќе се формира и на медицина и стоматологија. Господо, дали на овој простор вистински оваа држава, овој граѓанин, без оглед на националност ќе стане експериментална зона, кај што луѓето ќе служат како експерименти, односно на нив да се вршат експерименти затоа што и без тоа, ние како

подрачје сме познати по погата патологија, па нешто во светот негде и не може да се сретне.

За да се излезе од овој чорсокак, морам да кажам дека го прифатив решението кое што го понуди Владата. Низ законската форма за донесување на Законот во ова Собрание. Не сум правник, има право да размислувам како обичен човек со сите елементи на емоции,на трезвеност, но тоа уште не зборува дека сум во право. За тоа ќе се произнесат институциите на системот, а тоа е Уставниот суд. Но морам да кажам дека овој Закон малку задоцни но тој ни донесе една голема придобивка и на Македонската популација, затоа што се донесе, односно се создаде и Педагошки факултет кој што како дист ерго на идејата за едукација на албанците односно на албанската популација се дојде до една придобивка. Мислам на една стална или квантум популација во РМ денеска има три факултета. Тоа е Филозофскиот факултет, Педагошкиот факултет во Скопје и Педагошкиот факултет во Штип, ќе едуцира кадар кој што ке врши притисок за вработување, само на одреден квантум работни места во оваа држава, освен ако филозофите, не се занимаваат со филозофирање, кое што нема да даде продукција, или репродукција на вредности во оваа држава. Меѓутоа, ако има една теза дека еден од таканаречените универзитети ги решаваше проблемите само за дел на луѓе што се вратија во оваа наша држава, денеска на Педагошкиот факултет во Скопје со создаде нова вредност, затоа што се вработија воглавном фамилии и се вработија луѓе кои што внесоа палетизација на Универзитетот, односно на Факултетот, а нешто подоцна ќе кажам и за Универзитетот.

Х/5.-

Бавејки се и на некој начин умерувајќи ги младите генерации во сосема друг правец за да се запостават прашањата на Педагошкиот факултет. Педагошкиот факултет постои една година,а денеска имаме студенти кој што уште за некој месец ќе дипломираат со доедукација. Се она што се направи во име на слобода на Универзитетот, а што го направи Педагошкиот факултет, нам ќе ни се врати како бумеранг во оваа држава. И тогаш ќе имаме студенти од Филозофскиот, Педагошкиот и од сите педагошки факултети кој ќе штрајкуваат и ќе бараат"место под сонце" во оваа држава.

Госпоѓата министер за образование не е тука, меѓутоа, овие мој дискусии се вон од контекстот на политиката на меѓунационалните односи, но сакам да укажам на една работа. Ако формираме нов педагошки факултет, требаше да помине тоа низ критериум на закон, за кој што требаше да го донесе Собранието. Ако веќе прерасна Педагошкиот факултет во Педагошки факултет, тогаш не требаше матична комисија. И матична комисија која што се "живо и диво" вработи луѓе таму. Ова нешто сигурно и ќе ни донесе, не ги гледам толку црно односите кој ќе не доведат во релација, бидејки постојано ќе разговараме, преговараме, договараме, бидејќи сите сме свесни дека перспективата на овој простор е само во дијалогот. Ние внатре ќе бидеме конкурентни на поедини места во кои што ние внатре меѓусебе, што и донекаде се покажува ќе си ги "вадиме очите

Многу индикативно е дами и господа, една состојба која што владее во Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Бидејќи припаѓам по локација на тој Универзитет а сосема друг факултет по вредностите, морам да кажам дека по своите вредности повеќе припаѓам на палиативец и апликативец, а не филозоф, или пак со некои повозвишени форми, но дека на Универзитетот Свети Кирил и Методиј се издвои една група на интелектуалци, по разни кажувања околу 460 интелектуалци. Би

сакал тие интелектуалци да бидат објавени, затоа што вистински денеска, колку да некој вели дека да нема демократија, сметам дека секој може да го искажат своето мислење и дека нема да има никакви последици од тоа. Сакам од две причини, прво сакам да се компарирам дали вистински припаѓам и јас на интелектуалци, или треба да изградам за себе друго мислење.

Второ, сакам да бидам кои се вредностите на интелектуалците во смисла на тоа дека само негација на вредности, а во сферата на менталните вредности на едноставна и најприродно се две работи на човекот, па и на малото дете, "не" и "да". Но тоа не зборува уште за развојот на малото дете. Негацијата која што е потпишана од универзитетските луѓе, нема образложение и не нуди други решенија и укажувања што ние треба, можеби вистински тоа се луѓе кои што можат да понудат решенија и во меѓунационалните односи па завршува во ова Собрание, оваа Влада, итн., па ќе дојдат луѓе без оглед, можеби и наши политички антагонисти што се сега но ако обезбедат вистински во оваа држава просперитет, мислам дека секој човек кој што има доблест ќе се прифати да каже пар екселанс дека вредни сте, направивте нешто повеќе итн.

Мислам дека еден од најрентабилните точки во државата ќе бидат токму луѓето кои што се сметаат или се интелектуалци, но не се произнесуваат, какви решенија да се нудат во оваа држава А секаде велат дека учените луѓе се носители, покажувачките на насоките, водачи за создавање на нови вредности во една држава. Дали не се наоѓаме и ние, зашто некогаш не е благодарно човек да зборува многу, но дека во една ваква констатација се наоѓаат многу голем број на луѓе во исчекување, која политичка опција ќе победи, но да не биде тоа доцна, заедно со политичките опции да одат еден голем број луѓе, за кои што

сепак ние кој сме носители и неге учествуваме во некој огранок на политиката, сигурно нема да бидеме во првите борбени редови да се тепаме, ќе создадеме некоја нестабилност во државата. Универзитетот се наоѓа на опашката на збиднувањата зборував и минатиот пат, јас вистински сакам да слушнам дали во оваа држава се нудат други решенија освен не. Да ја елаборираме вредноста. Претседателот на Владата нешто рече меѓутоа, ние можеме сосема поотворено да го елаборираме. Не се носи законот за високото образование. И еве јас од ова место тврдам , доколку јас имам влијание и мојот факултет дека ние нема да бидеме членка на Универзитетот, доколку се донесе новиот Закон во таков концепт во кој што сметаме дека ние не сакаме да имаме отуѓена моќ на вакви вредности. Но дека еве ќе го донесеме Законот, а сите знаат или претпоставуваат дека во ова Собрание нема да биде изгласан Законот јазик за високо образование на факултетите на албанската или другите популации кои што се од надвор. Мајоризација на вредности, утре албанската популација исто така не го сака Законот, затоа што не е задоволна со квантумот на вредностите. Не можам да најдам адекватен термин. Ни нуди, ни добива, туку си има. Останува опцијата за кој што повеќе од дискутантите сите се поделени на одредени бусии.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Секој во секого да гледа нешто како непријател, за да некој на некого нешто му ускрати. Господа, една работа мислам така да ја кажам, која можеби многу ќе отстапува од контекстот, но е во рамките на меѓунационалните односи. По природа сум оптимист, ги сметам само вредностите на човек за оваа држава што ќе направи и створи, тоа е неговата така да кажам државна или национална вредност. Сето што е друго филозофирање и шаблонизирање не.

Службениот државниот јазик треба и ќе остане македонскиот јазик, но јас имам една теза дека и во услови, иако веќе не е така да имаме голем наталитет во албанската популација, сметам дека ќе стигнат генерации млади луѓе со нови вредности, во кои што ќе се случи можеби и албанската популација да го штити македонскиот јазик како нешто што претставува вредност - темел на оваа држава во еден период на развој. Тие млади луѓе ќе бидат желни за знаење, тие млади луѓе ќе комуницираат на сите светски јазици, нема да бидат како нас од разни места, од разни племиња итн., кои сме дојдени по разни основи, сме донеле некои вредности итн. Нема меѓусебно да се тепаат затоа што ќе знаат дека вредностите не се во тоа за кое што ние денес водиме војни, дека вистинската вредност ќе биде интелектуална и валоризираниот труд од интелектуалната вредност и дека тие меѓусебно ќе комуницираа, а јазикот, етносот, религијата ќе биде работа на култура во кој што меѓусебно ќе живеат.

Ќе направам една дегресија за да парафразирам односно да раскажам не повеќе од неколку реченици една случка. На патот Сингапур за Малезија патуваме со автобус и стигнавме во Малезија, а ако се сеќаваат повозрасните, Малезија беше во неврзаните земји на кон што

како основачи во тоа време им делевме памет на луѓето. Малезија е земја која што има 49% од луѓето муслимани, 32% кинези и преостанатиот процент се индуси. Водичот индусот ни рече: имаме голем проблем во оваа држава, затоа што имаме многу празници, затоа што за празниците ние сите се собираме без разлика на вера кај тој што има свој празник, ние сме на гости кај него и постојано во текот на годината слават. Тоа се вредностите за кои некогаш ние мислевме дека ќе им даваме памет на многу луѓе во светот, а по се изгледа дека ќе треба на овие балкански простори да увезуваме, можеби да доаѓаат некои чесни необразовани луѓе од Африка кои ќе ни укажуваат на нивни обичаи и племенски меѓусебно да се сакаме.

Сакам од оваа говорница да кажам уште една работа, а тоа е: често пати со дел од лидерите на политички партии во комуникација и во разговор водиме дијалог, во кој што јас како пратеник во ова Собрание имам епитет дека сум избран на фалсификувани избори. Морам да кажам дека јас во мојата изборна единица, која била најжешка, втората е на господинот Давитков, ако навистина требало во државава да се фалсификуваат, би требало тие две изборни единици од политички причини, за да му се докаже на некого. Тоа мене ме навредува. Но од оваа говорница ќе кажам дека имав прилика на еден висок раководител од Сојузот за Македонија, кога рече, да, имаше фалсификат, не му замерам на тој човек, на тој господин. Му замерам на мојот претседател на партијата зошто мене како чесен во из- борите ми направи сојуз со некој кој што не е чесен. Ова сакам да го кажам и посебно на опозицијата, која со сите комуницира и дека јас достоинствено кажувам дека не сум учествувал и дека немало нешто. Сакам еднаш да кажам, долго време чекав, меѓутоа, ова сега влезе на политичка така да кажам не битка, елаборирање, можеби на некои вредности кои заминаа, меѓутоа, сакам да кажам господо дека јас не сум учествувал и кај мене

немало. Сигурно е дека во целата оваа работа ни останува еден голем дијалог, но повеќе гледам дека треба дијалогот да го правиме ние меѓусебно македонските партии и македонците, како и дијалогот меѓу албанските партии, за да утврдиме некои вредности од кои ќе тргнеме или ќе почнеме за да можеме некои така да кажам разговори да имаме, преговори или не преговори, бидејќи некој вчера елабораше дека тоа веќе е друга опција.

На крајот сакам да ја поддржам Декларацијата, иако таа повеќе има етнички вредности и сакам да продолжиме во една толеранција и таа толеранција и овие вредности или темата како што е наловена денеска, меѓуетнички односи, да поминеме на поконкретна реализација на меѓусебна комуникација, во средините во кои делуваме и онаму каде што има остри дијалози, недоразбирања да создадеме еден елемент на меѓусебно разбирање, толеранција, а некој рече не и сакање. Па сигурно некаде ќе има и сакање и тоа треба да биде придобивка на вредност на цивилизацијата, а ние се стремиме во Европа, во светот, во цивилизацијата, па да тргнеме така со големи чекори.

Еве ова сакав да го кажам во делот на моите размислувања на меѓусебните разбирања, дијалог и толеранција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитува- ни пратеници, поради алармантната состојба во државата нема да го земам своето право да дискутирам толку долго. На самиот почеток, длабоко

загрижена, чувствувам потреба да нагласам дека сигурна сум ова што се случува денес во Република Македонија не е определба на сите граѓани во државата. Сметам дека оваа седница на Собранието на Република Македонија мора да се потпира на чесни и искрени односи на сите нас овде. Задоволна би била кога без оглед на политичките определби на парламентарните и вонпарламентарните партии и нивните платформи се договориме сите овде без одлагање за подобро утре на Република Македонија, за мирно создаваше на подобри услови за живот и работа на сите граѓани, за нашите деца, за нашите внуци. Сигурна сум дека во оваа држава, како и во секоја друга стабилна и организирана, Уставот и законите не може да ги толкува секој според сопствени цели и на сопствен начин. Длабоко сум убедена дека е потребно денес, повторувам, без одлагање, да ги оладиме сите глави. Да не размислуваме ирационално, туку да се почитуваме меѓу себе, да го почитуваме достоинството и потребата за подобро живеење на секој граѓанин во оваа држава, а довербата да ја подигнеме на повисоко ниво со толерантно однесување и унапредување на меѓунационалните односи и разбирања. Да ве потсетам, ова се случува во државата во период кога најголемиот дел од задачите се остварени или се близу до целта и тоа по мирен пат се осамостоивме, нашата држава ја призна речиси цел свет, а кога пред нас е последната битка за потполна стабилизација и свртување на нашите сили кон решавање на акутните економски проблеми, ние политичката ситуација во која ја вовлекуваме речиси цела нација ја доведуваме до усвитување. За ова нема да не оправдаат поколенијата, нашите деца наместо да бидат во училиштата и факултетите, тие се на улица.

Со еден посебен респект им предлагам на професорите во училиштата, на факултетите во Република Македонија, како движечка сила на напредните демократски процеси уште еднаш да седнат и да се

договорат како граѓани на оваа држава за уписната политика, да создадат стручни, научни основи, доктрини, методологија за натамошно школување на нашите деца, упис со знаење. Студирањето е исто за сите студенти, без оглед на националноста, според единствениот критериум што секаде во светот се вика знаење. Потребно е во оваа држава аргументирано со валидирани критериуми да се определи уписната политика, при што ќе се создадат услови по пат на природен одлив да се решава сегашниот вишок на кадри и во иднина да се создаде кадар кој продуктивно ќе биде ангажиран. Република Македонија не спаѓа во редот на богато развиени земји, да создава високо образовни кадри за извоз во други земји и перманентен одлив на стручните кадри со врвен квалитет.

Да не должам повеќе, на крајот како доктор по медицина сакам да апелирам штрајкот со глад веднаш да се прекине. Гладниот човек е хипогликемичен. Тврдам дека хипогликемичниот човек не може правилно да расудува и никој од нас не заборавил дека младиот човек е неодминлив субјект во креирањето и разрешувањето на суштинските прашања за унапредувањето на севкупните односи и креирањето на иднината на нашата држава. Затоа, без претезнии сакам да потсетам: сите заедно сме посилни, а само така ќе бидеме мал но рамноправен член во фамилијата на народите во светот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани дами и господа, велат дека процедурата е многу важна работа во демократијата. За жал, во највисокиот законодавен дом на

Република Македонија и во највисокиот претставнички дом на граѓаните на Република Македонија, во изминатиот период, се играа многу игри во врска со закажувањето на денешната седница. Резултатот на тие игри е компилациски составениот дневен ред, кој претставува една конфузна содржина од барањето на пратеничката група на Либералната партија и пратеникот што се приклучи со предлогот на Владата на Република Македонија, сметајќи дека со правење на компромис ќе се направи нешто добро. Сакајќи или несакајќи, со тој гест уште еднаш Собранието на Република Македонија беше ставено под одредена положба во релациите со Владата на Република Македонија, затоа што барањето на пратеничката група на Либералната партија беше потполно легитимно и пристапот беше многу поразличен од пристапот на Владата на Република Македонија. Јас не го искористив своето право да интервенирам при утврдувањето на дневниот ред за да не стекнат впечаток граѓаните на Република Македонија дека по едно вакво прашање важна ни е формата, а не содржината. Меѓутоа, ја користам приликата сега да го кажам тоа, затоа што сметам дека е многу важно за суштината на денешната седница.

Ние доставивме такво барање до Владата на Република Македонија, односно преку претседателот на Собранието, затоа што сметавме дека актуелната состојба што настана во земјата како резултат на незадоволството на студентите и средношколците поради донесениот Закон за употребата на јазиците на Педагошката академија, како и неадекватниот однос на Владата и другите органи во државата, одговорни да воспостават комуникација со студентите кои штрајкуваат со глад, а пред се поради изјавите кои ги даде премиерот во името на Владата на 2 3 минатиот месец, се доволна причина Собранието на Република Македонија да расправа за таа проблематика, да биде добро информирано за тоа што се случувало, за оценките на Владата поради

кои премиерот си зел за право да даде такви оценки и за мерките кои има намера Владата на Република Македонија да ги преземе. Посебно ми беше важно што е потенцирано во нашето барање, премиерот на Владата да одговори на тешките квалификации и обвинувања, кои беа изречени во неговото обраќање, би рекол премногу тешки зборови, со премногу голема леснотија за еден така важен проблем, затоа што во својата изјава, цитирам, дека "ова претставува прва фаза од неколкуфазното сценарио кое треба да создаде политичка и социјална дестабилизација, а со цел да се предизвикаат предвремени парламентарни избори" е кажано многу, без да се изложи ниеден аргумент. Очекувавме дека премиерот во материјалот кој требаше да биде доставен до Владата ќе лоцира кои се тие штабови во Република Македонија кои ја дестабилизираат Македонија, се со цел да има предвремени парламентарни избори, односно кои се авторите на повеќефазните сценарија. За жал, иако одговорот на претседателот на Собранието беше дека не може да закаже седница односно ќе закаже првиот момент кога ќе ја добие бараната информација од Владата, седница беше закажана без да ја добиеме таа информација, а дополнително на тоа премиерот во своето излагање воопшто не одговори на ваквите квалификации и обвинувања. Се разбира, доколку тие квалификации не се документираат со аргументи и факти, останува да виси во воздухот прашањето со која цел и поради кои причини се тие изнесени и кои се задните намери на така изречените зборови.

Исто така, дискутабилно е прашањето зошто беше потребно одложувањето на седницата од пред два дена, затоа што според Деловникот за работа причини за тоа немаше, посебно ако се има пред-вид фактот дека досега ние сме имале прилика да расправаме за многу поважни законски проекти со поголем обем на страници, кои ни биле

доставувани на самата седница. Еден таков беше и овој спорниот закон за употребата на јазиците, а во случајов за една декларација предложена од група пратеници која содржи две-три страници, беше употребена како причина за одложување на споменатата седница.

Овде се поставува прашањето, на кое мора да се даде одговор, доколку сакаме како највисок законодавен дом да бидеме на висината на своите задачи, доколку сакаме да не бидеме на нивото на Владата која можеби има причини, да се изразам фигуративно, да ја завива главата во песок и да не ги гледа состојбите такви какви што се, затоа што не и одговараат и да одговориме на прашањето што е тоа што всушност се случува во Република Македонија и кои се тие што всушност ги прават сценаријата за дестабилизација и кои се тие штабови и каде се лоцирани. Мојот одговор на тоа е дека во секој случај најодговорен во државата за ваквите состојби мора да биде Владата и партијата Социјалдемократски сојуз, затоа што како владејачка партија мора врз себе да ја преземе одговорноста за состојбите во државата. Не е добро само да се изречат квалификации кои се многу добро напишани и во Декларацијата за некакви добри намери. Во политиката често се случува едно да се мисли, друго да се зборува а трето да се прави. За да се реализира една декларирана политика, треба повеќе од тоа. Тоа на најубав начин го демонстрираше и господинот Абдурахман Алити, кој од една страна даде поддршка на Декларацијата, а од друга страна кажа дека тоа е само чекор на добра волја за да се решат работите, а не и спремност на таков начин да се решаваат.

Ќе ве потсетам дека јас лично на 20 декември 1994 година, кога овде расправавме за изборот на Владата на Република Македонија, од оваа говорница кажав дека пратеничката група на Либералната партија нема да го гласа составот на Владата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ**:(Продолжение)

Меѓу другото и затоа што во таа Влада се наоѓаше името на еден човек кој беше еден од потписниците на основачкиот акт за Универзитетот во Тетово. Иако ние благовремено тоа го предочивме на премиерот тој сепак се одлучи истиот господин да биде член на Владата.

Исто така, при расправата за изборот на реконструираната Влада и за Законот за локална самоуправа беше изнесен фактот и аргументот дека во Владата како заменик министер се избира господин кој своевремено беше еден од иницијаторите за Референдумот за Илирида во Република Македонија.

Исто така, би Ве потсетил на фактот дека меѓу двата изборни круга, на првите повеќепартиски избори во Република Македонија одржани 199 0 година тогашниот потпретседател на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, кој потоа излезе од таму и формира своја партија го повикуваше македонскиот народ односно му се закануваше на албанскиот народ дека треба да биде протеран од Република Македонија во Албанија. Дали знаете сега тој господин сега на кое работно место се наоѓа и дека е во коалиција со Социјалдемократскиот сојуз и дека е помошник министер или потсекретар во Министерството, мислам за сообраќај и врски...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ни едното ни другото.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Добро, се извинувам можеби, меѓутоа е вработен во Министерството за сообраќај и врски.

Тоа се факти кои зборуваат дека вистината која вие ја кажувате би има и друга страна на медаљата затоа што актуелните состојби во кои се

наоѓа нашата држава ја принудуваат Владата вниманието на граѓаните кои се национално незадоволни од постоечката ситуација да го сврти во друг правец со што се поставува прашањето која е вистинската тема за разговор во овие клучни моменти во Република Македонија.

Премиерот на Владата во своето излагање, како што милуваат и одредени министри често пати има обичај да исфрли некои тези кои после тоа ги побива, иако тие немаат никаква поткрепа или се некакви исклучоци кои се изречени. На пример, тезата дека била лажна дилема кога се поставува пред младите дали треба или не треба да се почитува Уставот и дали треба или не треба да се негува и чува македонскиот јазик е вештачки измислена теза, затоа што тоа не е спорно кај младите, затоа што ако добро ги гледаме работите тие се борат токму за тоа да се сочува Уставот на Република Македонија и употребата на македонскиот јазик.

Исто така, тезата дека студентите македонци на Педагошкиот факултет ќе мора да учат и на албански јазик. Тоа можеби некој од учесниците на овие протести кои се одвиваа во изминатиот период го кажа пред телевизиските камери, меѓутоа, тоа е исклучок. Тоа не може да биде правило. Не може тоа премиерот сега да го употребува како факт па да го побива после во своето излагање, затоа што основната поента во неговото излагање беше дека треба од една страна да ги поларизира работите на крајна македонска екстремна варијанта, која ја заговара Партијата ВМРО-ДПМНЕ и од другата страна крајно албанска варијанта која ја заговара Партијата за демократски просперитет на албанците, за да во средина се јави Владата односно Социјалдемократскиот сојуз о опција која е најпогодна за граѓаните на Република Македонија соживот, толеранција и така натаму.

Сликањето на работите во црно-бела техника која повеќе време се случува наназад во Република Македонија со самото форсирање на бибопларен политички систем во Македонија во кој на една страна е Социјалдемократскиот сојуз а на друга страна Партијата ВМРО-ДПМНЕ која се разбира секогаш ќе може партијата која е на власт да ја оквалификува како пробугарски ориентирана партија, националистичка или екстремистичка партија за да полесно се пресмета, ја отсликува и актуелната состојба во овој момент со меѓунационалните односи во Република Македонија.

Тезата дека дестабилизацијата во Република Македонија се прави со цел да се предизвикаат предвремени парламентарни избори мислам дека е потполно промашена затоа што тоа е големо потценување на граѓаните на Република Македонија. Не верувам дека има раководители на политички партии во Македонија кои сметаат дека Македонија треба да се фрли во таква дестабилизација со која би го ризикувала и својот опстанок за да во Македонија има предвремени парламентарни избори.

Почитувани господа, мојот став е дека во Македонија треба да има предвремени избори. Фактите зборуваат дека состојбата е созреана за тоа не треба да се трошат многу време и аргументи. Тоа е можеби најмалата цена и најмалиот ризик што треба да го сноси Социјалдемократскиот сојуз и сегашната влада по најмалку четири причини што се случија во последно време.

Прво, одлуката на Уставниот суд за враќање на пензиите на пензионерите во Македонија, што како решение не верувам дека може да се најде човек во Владата и во Република Македонија што може да го изнајде во овој момент.

Вториот аргумент е ова што ни се случува во моментот во меѓунационалните односи.

Третиот аргумент е повторното големо ограбување на граѓаните на Република Македонија преку штедилниците во форма на штедење. Првото се сеќавате се случи уште при преминот од СФРЈ во Република Македонија кога на граѓаните им беа задржани односно запленети девизните заштеди. Меѓутоа, дали вие ќе се одлучите на таков чекор или ќе чекате проблеми- те да се усложнат како што тоа се случува во соседните земји е на ваша одговорност.

Би ве потсетил дека вие заедно со Партијата за демократски просперитет досега составувавте три Влади. Ниеднаш досега премиерот ниту било кој од министрите во Владата не одговорил врз основа на која платформа и програма ги градите меѓуетничките односи и соработката со Партијата за демократски просперитет во Владата на Република Македонија затоа што и денес од страна на лидерот на ПДП беа изнесени спротивни ставови. Исто така, никаде, ни во излагањето на премиерот не спомнавте кои се методите за унапредување на меѓуетничките односи. Господа, вие доцните не со месеци туку со години. Образложението на премиерот дека се доцни со Законот за високо образование, затоа штос е наоѓа на експертиза во странство воопшто не држи. Па, ние во самостојна, суверена и независна Македонија влегуваме во седма година. Зарем седум години беа мал период за да се донесе тој закон за високо образование во кој интегрално ќе се решат сите проблеми во областа на образованието.

Сега би сакал да го кажам својот став во врска со студентските и средношколските протести.

Јас искрено сеуште верувам дека на вас меѓуетничките односи не ви се битни само тогаш кога треба да го потиснете огромното незадоволство кое се јавува кај граѓаните на Република Македонија. За мене неспорно е правото на младите да го искажуваат своето мислење, па макар и на улица доколку не се согласуваат со одредени постапки

било на Парламентот или на Владата. Мислам дека нанесувате огромна штета на младата генерација ако ја претставувате како националистичка. Нема иднина на ниедно општество без младите луѓе. Посебно начинот на кој првиот пат беа изнесени младите на улица, на денот на доаѓањето на госпоѓата Елизабет Рен доволно зборува дека некој во тој момент можеби и си поигра со младите студенти односно и со средношколците, а тоа после си зема сосема поинаков тек и поинаков замав.

Зошто на некого му смета вклучувањето на младите во политиката За мене тоа е пожелно, добро и препорачливо младите што повеќе да партиципираат во политиката. Зошто воопшто не ви сметаше учеството на студентската организација во времето кога се ставија на страна на луѓето од Социјалдемократскиот сојуз во кампањата за избор на ректорот на универзитетот и при из0орот на Сенатот на Универзитетот. Дали сега се свртевте против нив затоа што тогаш беа на ваша страна а сега се на спротивната страна односно ја критикуваат Владата.

Недозволиво е и недопустливо е голем број млади да се оквалификуваат како националисти, шовинисти, па и фашисти само заради одреден пароли кои можеби и биле уфрлени меѓу младите кои во овој период демонстрираат на улиците на главниот град и во другите градови на Републиката Мојоа? став е дека причините за незадоволството меѓу младите и за нивниот излегување на улица се многу подлабоки отколку што ние сметаме односно дека Законот за употреба на јазиците на Педагошкиот факултет е само повод, а причините се многу подлабоки.

Причините влечат во корените на незадоволство кои ги чувствуваат на својот грб младите преку неадекватниот систем на образование, преку лошиот студентски и ученички стандард, преку тоа што го разговараат нивните родители, преку тоа што на директен или индиректен начин ја делат судбината на своите родители кои во се Поголем број се наоѓаат како невработени, технолошки вишок, и едвај

составуваат крај со крај. Дали ова што се случува во моментот не е вешта маневра за да се одвлече вниманието од вистинските проблеми, од опасностите кои дебнеат доколку масата незадоволни работници по разно разни основи излезат по улиците на градовите на Република Македонија.

Либералната партија и пратеничката група на Либералната партија, секогаш биле против тоа проблемите да се решаваат на улица. Секогаш сме ги осудувале појавите на поддржување на меѓуверска и меѓуетничка нетрпеливост и ксенофобија. Секогаш сме сметале дека проблемите треба да се решаваат во институциите на системот. Меѓутоа, што се случува тогаш кога институциите на системот ќе затаат, кога ќе се доведеме во ситуација да имаме неодговорна власт, кога ќе се доведеме во ситуација да имаме партиска држава, каде што единствен критериум за вреднување на способностите на луѓето е партиската припадност а не човечките и моралните квалитети. Се разбира во таква ситуација кога затајуваат институциите на системот излезот луѓето го бараат на улица.

Се поставува прашањето зошто Владата благовремено не ги превземаше потребните мерки. Поради тоа лично сметам дека меѓуетничките односи во моментот во Република Македонија се неповолни како ретко кога познавала македонската историја. Би сакал со неколку минути да го кажам мојот став во врска со незадоволството кај граѓаните на Република Македонија.

Незадоволството е долго време наталожувано, пред се поради вкупните состојби во државата на економски односно социјален план. Лошото водење на реформите, на економски и политички план, поради што Реппублика Македонија е една од најнестабилните земји во светот...

XII/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам,имаме тема во среда за тоа. Денес расправаме за...

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Пазарната економија ја претвори државата во пазар на анархија. Во моментот имаме приватизација од која се офајдија еден мал број на граѓани на сметка на големиот слој работници кој целиот свој живот го вградија во создавањето на големиот општествен капитал на Република Македонија. Недостатокот на инвестиции тешко дека ќе се надомести, посебно после аферите со Штедилницата "ТАТ" и останатите штедилници затоа што ретко кој граѓанин на Република Македонија ќе се одлучи своите заштеди да ги става во банка....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски, имаме тема следната недела во среда за ова. Ве молам.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ве молам немате право да ме прекинувате затоа што тесно е поврзана едната проблематика со другата.

Во вакви ситуации во голем степен се јавува носталгијата по некогашните времиња каде сигурноста беше подобра отколку што е сега. Поради тоа во неколку соседни држави повторно се вратија на власт политички партии, наследници на некогашните комунистички партии. Во вакви ситуации човекот кога не може да ја најде заштитата во институциите на системот мора да ја бара во некој силен авторитет. Обично тој авторитет е или државата или нацијата. Поради тоа повторно на сцена се враќаат старите тоталитарни тези за колективизам, во случајот на нацијата.

XII/8

Мислам дека времето помина кога сите проблеми во Република Македонија можеа да се правдаат со периодот на транзиција. Владата нема визии, знаење и умеење за осмислување и водење на реформите кои е потребно да се прават во Република Македонија и поради тоа таквите залагања за пазарна економија и правна држава звучат како излитени фрази доколку не се спроведуваат конкретно во пракса.

Во моментот кога нереалниот курс на денарот, извозното стопанство пропаѓа и голем дел од нашиот капитал се сели во странство, цути шверцот и сивата економија. Нема регулиран пазар на стоки,пари,капитал работна рака. Нема вистинска пазарна економија. Ако граѓанинот не ги чувствува резултатите како ќ,е се залага за пазарна економија и парламентарна демократија.

Лошиот даночен систем, неадекватната фискална политика демотивирачки влијаат за вложување во стопанството. Како резултат на сето тоа луѓето се разочарани, не веруваат во институциите на системот и не ја гледаат својата перспектива тука. Голем број на млади, што треба посебно да не загрижува, својата перспектива се повеќе ја гледаат преку своето иселување во Нов Зеланд, иако нашата држава вложила многу, пред се во нивното образование. Се поголем број не само на млади луѓе, ги фаќа чувство на летаргичност, апатија и безперспективност. Поради тоа зголемена е и агресивноста кај младите, алкохолизмот, наркоманијата, нетолерантноста. Меѓутоа, најстрашно од сето тоа е што неуспехот на реформите кои ги чувствуваме ги чувствуваме сите на свој грб, без разлика што тоа е резултат на една неуспешна политика на Владата на Република Македонија. Поради тоа работите мора да се поставаат и искажат поинаку, со друг речник,со факти и со аргументи.

XII/9

Премиерот на Владата при изборот на реконструираната влада не убедуваше дека министрите во Владата ќе работат 2 4 часа за доброто на македонскиот народ. Се разбира, работеа 2 4 часа и видовме до каде не доведоа. препорачувам во иднина да работат само 8 часа дневно можеби ќе тргнат работите на подобро.

Во ваква ситуација, се разбира меѓусебното разбирање, сограѓанството, заедништвото насочени за благосостојбата и просперитетот на граѓаните е најдобрата варијанта која треба да се форсира од сите политички субјекти. Конечно и македонците и албанците и припадниците на останатите малцинства во Република Македонија треба да сфатат дека сме осудени да живееме заедно едни покрај други на ова мало парче македонска земја. Поради тоа нивното уредување треба да биде на демократски основи, со дијалог, толеранција без репресија и наметнување. Затоа примарна задача е потребата за доследна изградба на граѓанско цивилно општество во кое секој човек ќе биде третиран како граѓанин без оглед на неговата верска, национална, етничка, полна, расна припадност. Меѓутоа, кај нас во суштина граѓанското општество не функционира однос но тешко се остварува. Сметам дека е потребно урамнотежување на демографските движења во Република Македонија и економско - културниот развој на средините со побројни националности. Јас тоа го поткрепувам со фактот дека албанците во Република Македонија борејќи се за својот статус своите тези ги влечат на нивната бројност. Сеуште не го признаваат пописот во Република Македонија. Според официјалните податоци од Заводот за статистика нивниот број е околу 22,9%. Не знам дали ќе се согласите со мене, меѓутоа етничката карта на Република Македонија радикално е променета од 1945 година наваму како резултат, пред се, на големата либерализација на влегувањето во РМ и стекнувањето со статус на државјанин на РМ, високата стапка на наталитет, пред се кај албанското население и големата миграција на македонското население, пред с» од Западна Македонија во другите делови.

XIII/1.- CJ-ВБ

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Поради тоа, го поставувам како актуелно прашањето за урамнотежување на демографските движења во РМ. Исто така неопх-одно се потребни чекори за запирање на иселувањето на македонците од Западна Македонија. Тезата за сожителство би ја заменил со тезата за интеграција затоа што сметам дека е тоа поадекватно за просторите на Република Македонија за да може секој граѓанин без разлика на својата припадност да се чувствува рамноправен.

Централно прашање за мене е во врска со целокупната проблематика за која расправаме, почитување на Уставот. Многу модерно е сега да се зборува за создавање на некаков вид консензус меѓу политичките субјекти во Македонија. За да се дојде до консензус во позитивната смисла на зборот потребно е да има одредена рамка. За мене таа рамка за градењето на меѓуетничките односи во РМ пред се е Уставот на РМ и меѓународните стандарди изразени преку разни нормативи, конвенции, платформи, резолуции, декларации итн. кои зборуваат за правата на малцинствата. Меѓутоа, факт е тоа дека Албанците во РМ не сакаат да се помират со статусот на малцинство и оттука извираат сите проблеми затоа што тоа автоматски значи дека тие не го почитуваат Уставот на РМ. (некој од пратениците нешто му дофрлува од место) Нека биде и националност, нема проблем. Битна е суштината, националности секаде во светот ги нарекуваат, ако се сеќавате пред една недела изгласавме закон во кој на крајот се вели дека насекаде во светот терминот националност се преведува како термин национално малцинство. Тоа значи доследно почитување на меѓународните стандарди.

Исто така сметам дека граѓаните од македонско етничко потекло синонимот за шиптар што кај голем дел од нив значи израз на нешто што е погрдно, лошо и што носи зло треба да го заменат и го употребуваат во вистинска смисла на зборот доколку сакаме добри односи меѓу

Македонците и Албанците во Република Македонија. Исто така сметам дека Македонците треба сами да се борат за поголема застапеност на Албанците во институциите на системот и во полицијата и во Армијата и во државната администрација и во образованието и во судството, а пред се како студенти на универзитетите"Кирил и Методиј"и "Климент Охридски". Исто така Албанците мора да ги прифатат резултатите до последниот попис. Меѓутоа, длабоко сум разочаран што на денешната седница, среќен сум што, прво тоа да го кажам, дискутантите Македонци, пратеници, зборуваа за македонскиот национализам и за албанскиот национализам. Меѓутоа, јас колку што ја следев расправата не слушнав ниеден од дискутантите Албанци да зборува и да ги напаѓа односно да се огради, со исклучок на г-динот Рамадани паролите кои беа истакнувани во Тетово. Сметам дека тоа е многу лошо и дека става дамка во искреноста на намерите затоа што доколку меѓу себе не си веруваме, доколку и понатаму остануваме односно се останува на тезите за барање на статус на народ што во суштина значи во перспектива стекнување на право на самоопределување до отцепување, во ситуации кога ни се јавуваат такви случувања и давање на јавни изјави од лидери на политички партии за сонот за голема Албанија сеуште кај Македонците од македонско етничко потекло ќе постои резерва во искреноста на намерите за заедничко живеење во РМ односно ќе постои стравот од сецесија односно опасноста дека зад сето тоа се крие нешто страшно, опасно и ужасно за иднината на граѓаните на РМ.

Во тој смисол јас мислам дека и студентите и средношколците што се излезени на улиците во суштина не се против тоа што на некого ќе му се даде право да учи на свој јазик, туку се прашуваат каде е границата на сето тоа затоа што малцинските права не се права што треба на

некого да се дадат, тоа се права што постепено се усвојуваа' односно се стекнуваат.

На крајот од дискусијата би сакал да ви прочитам две мисли од г-динот Јенс Ројтер кој е експерт на Институтот за стратешки истражувања од Минхен, кој ги има изречено во интервјуто за "Нова Македонија" од 5 јули 1995 година, со кои се согласувам и кој во суштина ја изразуваат расправата на оваа седница.

Првото е дека "граѓанското општество е можен тежок пат за што мора да се развие свеста дека граѓаните на една држава се тоа независно до својата национална припадност. Овде во Република Македонија сметам дека Албанците со децении уште ќе се сметаат прво за Албанци, Македонците прво за Македонци. Имам само една надеж дека во рамките на Европската Унија тие разлики нема да бидат толку важни и дека тој пат ќе го следат и земјите за кои станува збор". Да изразиме надеж дека што поскоро ќе влеземе во Европската Унија и ќе ги прифатиме тие стандарди.

Втората мисла е дека "на оваа земја и е потребна и внатрешна стабилност, а пред се во меѓунационалните односи. Мислам дека Албанците овде ги имаат сите права како малцинство. Кога бараат статус на народ во Република Македонија каде што мнозински народ се Македонците, тоа е како увертира во сецесија. Соживотот во една држава не го подразбира таквото барање како ни инсистирањето на паралелен систем на образованието. Мора да се инсистира на единствен систем на образование и едукација, се разбира со употреба на албанскиот јазик, култура, историја, но не во смисла да води тоа кон оддалечување и разединување односно во најлошо да стане сакан и планиран апартхеид.

Благодарам.

XIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Од самото закажување на седницата цело време се обидувам да сфатам што дефакто ги натера двата субјекти кои побараа да се одржи оваа седница да инсистираат да се одржи седницата.

За мене си дадов по еден одговор. Прво, мислам дека пратеничката група на Либералната партија побара да се одржи оваа седница со цел да го преоцени уште еднаш донесениот закон за Педагошкиот факултет и евентуално со тоа да го зголеми својот опозиционен рејтинг Мислам дека Владата од сосема друга причина, слична на оваа, малку покомплексна, побара, а тоа е со оглед на збиднувањата во државава на планот на меѓуетничките односи, помисли дека е потребно уште еднаш во Парламентот, не само кај оние кои ја поддржуваат туку во целина пред парламентот да си го провери концептот на меѓунационалните односи кои таа го спроведува, се разбира, како концепт кој е невидлив, така да кажам, меѓутоа кој се спроведува во многу закони, акти, одлуки. Па дури, на крајот мислам дека и Парламентот по неколкугодишна пауза може да е и добро што ја прифати понудата од овие два субјекта и одлучи да заседава и да разговара широко за овој проблем по повод на овие настани, ако ништо друго чисто да се слушне уште еднаш на највисокиот орган во државата или на законодавниот дом што е се концепт за овој проблем за меѓунационалните и меѓуетничките односи во Македонија и како тој евентуално натаму да се развива. Знаете, сепак на крај ќе може да се извлече, има декларација која веројатно ќе ја прифатиме за која се слагам со изјавата на г-динот Хисен Рамадани дадена во еден од дневните весници за нејзиното значење, меѓутоа мислам дека е многу

побитно самата расправа која ќе покаже една генерална димензија, една генерална насока, што Парламентот размислува за тие односи. Се разбира, со едно оградување доколку Парламентот па и двајцата предлагачи на темата и самиот Парламент во овој момент не испадне малку смешен, расправајќи з^а темата во услови кога Парламентот ако сака да биде актуелен и да не каска зад настаните треба да расправа и за други проблеми, и внатрешни, претпоставувам и за проблеми од опкружувањето.

Прво, на почетокот сакам да искажам едно мое поздравување на задоволство и ако може да се предизвика реакција, да го поздравам неприсуството на двајцата поканети лидери на вонпарламентарните политички партии, не заради причината заради кои тие ни соопштија писмено дека не присуствуваат туку заради нивниот придонес во зачувувањето на институцијата Парламент, така како што јас го замислувам Парламентот не може да биде полуформализиран, полуотворен кон јавноста, полухајт парк, полу парламент. Ако сакаме дискусиите да ги водиме во институциите на системот, тие институции се прецизно дефинирани и ислам дека нивниот придонес со одвивањето во насока на зацврстување на институцијата Собрание е видна, и ако не се согласува со причините поради кои тие не присуствуваат. Иако сметам дека процесот на политичко усогласување со оние кои не се претставени во институцијата на власта е потребен и можен, се разбира не на формалните седници ниту на Собранието ниту на Владата, туку пред се, преку разговори на овластените или на првите од Владата и Парламентот со овие луѓе по битни прашања доколку се има оценки дека од тоа може нешто да произлезе, доколку се има оценка дека не може, се разбира дека разговорите не би требало ни да се одржат.

XIII/6.-

Инаку двете барања за седница мислам дека во основа имаат различни причини и многу причини, меѓутоа секако имаат сличен повод, тоа се настаните по повод законот и на почетокот би било фер од моја страна доколку го сметам за директен повод она што се случи по донесувањето на Законот да го изразам и мојот однос кон тој закон иако го изразив со чинот на гласањето, јас гласав за тој закон и на него да се задржам кратко и прецизно . Законот како што е донесен заслужува да се реафирмира, заслужува да ја реафирмираме неговата поддршка иако има бурни реакции во Републиката, мислам дека Парламентот неписмено,меѓутоа во дискусии треба да ја реафирмира поддршката на тој закон. И веднаш како пратеник сакам да ги отфрлам повиците и до мене кои ги добивме овде на неколку наврати за оставка или отповик на г-ѓата министерка Тодорова затоа што тој закон иако предлагач од Владата и г-ѓата министерка сум длабоко убеден дека е израз на волјата на мнозинството во парламентот. И оттаму повикот до мене како пратеник да расправам за нејзината оставка или отповик го отфрлам затоа што тој закон е и мој. Законот е потребен и треба да се спроведува. Тој треба да се афирмира како закон без да потсетуваме дека несреќно беше укинат дефакто постојното решение на овој закон беше несреќно укинато 1986 или 1987 година Мислам дека сега е среќно решение враќањето на тој закон.

Проблемот е што овој закон беше повод во Републиката да се појават страстите за кои дефакто сега Парламентот е принуден по своја волја, а по предлог на два субјекта од институциите на системот, сепак Парламентот беше принуден за што верувам ќе се согласите дека на никого од нас не му беше планирано во програмата, на ниедна од институциите, не беше планирано во програмата да ги преоценува решенијата кои ги носи и затоа сметам дека сме принудени да расправаме за него особено за начинот на изразување на незадоволството од

донесувањето на тој закон кој продуцираше благо или силно, цврсто нарушување на меѓунационалните односи. Јас не можам во овој момент да ги согледам до крај дали меѓунационалните односи се длабоко нарушени затоа што сум со мислење дека сме во фаза на некакво нарушува! Не мислам дека сме во процес во кој можеме да дадеме оценка и тоа ме плаши.

Ќе прифатам оценка на еден од вчерашните дискутанти дека мислам дека стана бегутантно да се оценува дали постои национализам, дали не постои, дали е тоа патриотизам, дали е тоа национализам само кај мнозинските, кај националностите, ајде да не го употребиме ниеден од тие зборови. Дали големото или малото нарушување на меѓунационалните односи од каде доаѓа и какви последици, ја прифаќам оценката дека од поголемите народи или националности во Републиката се доаѓа до поголемата опасност за Републиката во нарушувањето на меѓунационалните односи. И затоа сакам да кажам дека секој политички субјект или секој политички претставник во Република Македонија, сите институции па дури и ако сакате да се заплеткам јас невозможно да избегам од мрежата на националната поделеност секој со својата национална припадност мислам дека е сепак должен прво да го отвори фронтот на нарушувањето на меѓунационалните односи во својата средина, и да го запре или да го запечати тука и понатаму да се спротивставува на другите. Инаку се разбира дека не треба да изразуваме несреќа ниту жалење што живееме во таква држава затоа што кажаа и други едноставно светот па и Европа е преполна со држави кои не се во етничките граници на одредени народи, па како и македонскиот народ, така и албанскиот народ и другите народи живеат во неколку држави. Негде со статус на националност или малцинство негде дефакто живеат без никаков признат статус денационализирани, потиснати.

XIII/8.-

Она што сакам да го кажам како начин на кој Парламентот може да даде придонес освен со дебатираше во разрешување на дел од проблемите е секако во градењето на систем. Јас ја прифаќам тезата и опстојувам лично и политички на тезата дека моделот на меѓунационалните односи во Република Македонија е содржан во Уставот е нашиот модел. Создавањето на системот по повод или како продолжување на Уставот треба да е нашата преокупација, како сето тоа да го преточиме во закони и како тие закони да важат. Јас на пример ќе кажам еден пример, ние сме една од ретките земји кои Конвенциите на Советот на Европа по повод по нивната терминологија малцинските права многу брзо и лесно ги претворивме во сопствен акт и тоа кај нас е веројатно најлесната фаза затоа што спроведувањето се претвора во најтешката фаза. И токму тоа продуцира односи да лесно прифаќаме закони, затоа што знаеме сите заинтересирани страни дека во фазата на спроведувањето ние ќе го кажеме сопствениот поглед. На пример Конвенцијата за национални, рамковната конвенција за малцинските права се базира на еден столб ненапишан во ниеден член, меѓутоа столб на конвенцијата е дека по таа терминологија малцинствата во одредените држави се лојални граѓани кои го почитуваат суверенитетот и интегритетот а државите им гарантираат права. Ми се чини дека во Македонија не само Парламентот, туку општото мислење меѓу сите субјекти кои влијаат на политичката сцена е дека и едните и другите по малку од тоа ќе сокријат во фазата на донесување или во фазата на градење, или дека некои други ќе го градат тој закон ќе го гледаат од свој агол.

XIV/1 ЈМ/ЛБ

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ**: (продолжение)

На пример јас ќе се согласам со една констатација на г-динот Андов во вчерашниот говор чија дискусија морам да признаам дека не ме направи среќен , а тоа е дека комплексот кој ние дефакто денеска сакаме да го разгледаме е многу поширок од ова за кое глобално дискутираме, а тоа е образовните проблеми. Јас само ќе наведам што се опфаќа меѓуетнички релации, меѓунационални односи итн. кои ние сме по некогаш можеби и свесни, ама заборавени да ги потенцираме, а сепак раправаме за нив. На пример тоа е корпусот на политички права во една држава на граѓаните без разлика на која етничка група припаѓаат. Па би сакал да отворам еден процес на размислување на корпусот на политичките права и да потсетам дека во некои од соседните држави некои од националностите немаат политички права, корпусот на стопанските права или економските права, корпусот на социјалните права, корпусот во сферата на информирањето, корпусот во сферата на културата корпусот во сферата на образованието, вклученоста во државната во државната власт, вклученоста во јавниот живот. Се га ние носиме секојдневно во пакетот закони на седниците на Собранието по неколку закони од оваа сфера, за да после кога ќе се отвори расправата повторно констатираме дека се е нарушено. Извинете, некои од тие закони сметам дека треба по некогаш ситуацијата да се изразам пежоративно или вулгарно да ја детонираат. Ние не можеме како Собрание и Владата како Влада наново секогаш да ги отвара целиот корпус на права - На пример моето мислење го кажав по законот во образованието. Јас лично мислам дека уште законот за високо образование треба да се донесе и ќе повторам повторно она што го мислам дека ние многу

побрзо се решаваме да ги реформираме сите институции освен институциите залепени за нас, државните институции какви што се

образовните институции се финансираат од буџет, ги уредуваме нивните односи, влијаеме на кадровската политика итн. Сметам дека законот за високо образование треба да се донесе и после треба да настане еден период од оживотворување на тие закони. Тоа значи дека во фазата на основно образование законот треба понатаму да се подраблочува, средното образование, го имаме овој закон, некој го вели парцијален, некој не. Се согласувам со г-динот Атанас со тогашната дискусија. Јас мислам дека тој закон за кој имаше повод по мое гледање од прилика ги балансира веќе односите во Републиката и дека е тоа дометот. Тоа е дометот каде што од прилика треба односите да ги сметаме за избалансирани и на тоа ниво образованието полека да го напуштаме како сфера погледнато од меѓунационалните односи и да го спроведуваме само во оној дел во кој системот не е утврден, туку се бара политика врз основа на тој систем. Опфатност на пример на оние кои се припадници на националностите, а нивниот опфат во основното образование е 20, 30,50,60% да се зголемува за што им гарантираме уставно како држава на сите во сферата на основното образование на мајчин јазик тој процент да расте. Меѓутоа, тоа е веќе политика на Владата. Политиката на Собранието е затворена. Мислам дека во сферата на образованието полека ја затвараме рамката. Мислам дека сме затвориле некои други рамки , дали преку закони, дали преку владини решенија, меѓутоа некои работи сме ги затвориле, меѓутоа не ги оживотворуваме. Јас кога веќе Владата понуди да расправаме за меѓунационалните односи може да изгледа смешно меѓутоа убеден сум дека Законот кој ова Собрание го донесе за лична карта не е Закон од сферата на меѓунационалните односи, ама е закон кој опфаќа дел од меѓунационалните односи зошто знаете дека три дена расправавме по тој закон за еден единствен амандман и го свртевне на меѓунационалните односи затоа што тангира некои релации за правата

на етнички групи. Според тоа неспроведувањето на тој закон од страна на Владата сметам дека треба да биде тема на расправа по повод меѓунационалните односи која Владата од нас ја бара со свој допис. Јас лично сметам дека спроведувањето на тој закон ќе биде една од многуте алки кон релаксирање на односите. Не знам зошто не се спроведува тој закон. Можеби има некои причини кои не ги знаеме кои објективно го оневозможуваат. Меѓутоа мислам дека неговото спроведување евентуално би било и можно зошто на крајот на краиштата Собранието се изјасни за тој закон, тој треба да се спроведе. Обидувајќи се за овие односи да пристапуваме, јас сум убеден само со методот на ладна глава, затоа што со размислување со вжештена глава не донесува рационални одлуки.

Сега јас ќе се обидам од една друга страна повторно со ладна глава во една институција на системот да размислувам за некои сфери кои не се , еве овие денови дознавме кои не се покриени со законска регулатива. Тоа е на пример еден корпус употребата на знамињата кој порано се влечкал низ институциите на овој систем или на претходниот систем, важно на оваа држава уредувајќи ги со Устав, со специјални закони и укинување и се створила една традиција да некои од знамињата се употребуваат парцијално, времено, зависно од однос на сили повеќе, помалку, меѓутоа имало некаква употреба. Сега таа тенденција се влече и нормално е дека ние не- можеме тоа да го пресечеме со нож. Меѓутоа можеме да расправаме за тој проблем, можеме да побараме решенија иманентни на овој систем Меѓутоа исто така дозволете да констатираме кога сме кај меѓунационалните односи дека и со ладна глава размислувајќи не може да го остави никого рамнодушен демонстрација на 20,30,или 50 странски знамиња сите од една држава на еден митинг на една националност во еден град. Јас се обидувам со ладна глава

имајќи ја предвид традицијата од 1945 до денес на употреба на знамињата во оваа држава која е наша. Ние не можеме да се оградиме до 1990 година или до 1989 година кога законот бил укинат со Устав. Таа традиција постоела, меѓутоа и со ладна глава размислувајќи јас неможам да најдам резон во фактот дека толку знамиња се вејат на еден митинг па дури се веат без присуство на друго знаме особено на државното. И за тоа има во Македонија некаква друга традиција. Можеби на не- кого не му е битно во неговата држава какво знаме. Кај нас е таква традицијата како со традицијата на националностите со своите знамиња, дека тоа знаме ако не е присутно се раѓа кај нас некаков сомнеж особено што ниеден политички фактор од таму присутните или од сродните не сака барем минимум да се огради од таквата појава или да помисли дека требало и македонското знаме таму да биде. Се разбира ова државното македонско знаме. Така што во тој комплекс на закони и традиции мислам дека дел од одговорноста балансирано се пренесува кон сите страни и дека некој треба да има малку поголемо разбираше и затоа.

Г-динот Коцевски кажа , јас се чувствувам подеднакво среќен кога било кој од оваа говорница на било каков начин се изразува згрозување некакво од декларирање на затегнатост на меѓунационалните односи во Македонија. Уште така ме чуди кога тоа е еднонасочно од една страна. На пр. пратеникот на нашиот коалиционен партнер, координаторот на нашиот коалиционен партнер вчера мислам дека прилично еднострано гледаше на работите во Македонија, дека проблемот постои на едната страна. Заради објективноста мора да се каже дека проблемот постои секаде по малку и одговорноста е сепак на сите, не само на македонците во смисол на национална припадност и дека исто така постои проблем на спротивставување во својата средина и дека издржувањето на политичката сцена не мора по секоја цена да биде, дека има некои

работи кои треба да се соопштат и се разбира има демократски институции и избори на кои се проверуваат тие тези. Исто така да изразам загриженост за реториката која вчера беше изразена на оваа говорница од поголем број дискутанти, дури и од мојата пратеничка група, па дури и од Владата, во некои од настапите на Владата со употреба на многу зборови кои мислам дека треба барем на парламентарната говорница и особено во фаза на затегнување на односите во Македонија и околу Македонија што помалку да се употребуваат. Сега ако ги употребам ќе испадне дека, зборови со конфликтен карактер.

На крајот сакам да опфатам уште два вида на проблеми кои сум убеден дека генерираат меѓунационална или како што Владата предлага да разговараме за етнички напнатости во државата, или релаксација и од што колку и да сакаме да избегаме, нема да можеме да избегаме, а тоа е дека дел од генераторите на меѓунационалните односи во Македонија се наоѓаат и во економските и во социјалните фактори. И тоа мислам дека е едно општо познато правило, дури луѓето во Владата го знаат подобро од нас и нема смисла да се повторува. Меѓутоа треба да кажеме дека меѓунационалните односи гледани сами за себе, само низ овие призми за кои досега зборував нема да дојдеме до точното решение. Мора да сфатиме дека, сега јас ќе се обидам да ги одбирам многу внимателно зборовите дека осиромашениот отпуштениот од работа, се разбира дека првите проблеми ги гледа кај и народниот и помислува дека несреќата негова прво се наоѓа кај оние кои имаат поинаква нација, или вера и дека тие се проблемот зошто нема работа, зошто нема доволно доход, зошто изгубил некакви средства во кривични, криминални, или легални дејствија на пазарот и дека гледањето на меѓунационалните односи без оваа призма на социјалните и на економските фактори и проблеми

мислам дека ќе остане опустошена за еден јак фактор кој ги детерминира, па може и ги насочува меѓунационалните односи во државата во правец во кој никој не сака и не би сакал одвоено да се третираат и гледаат иако дефакто ги третираме во овој момент. Дури јас би ја проширил расправата иако може да се смета од одредени гледни точки за непродуктивна, сепак мислам дека нашата надворешна политика не негирајќи ја, напротив афирмирајќи ја би можела генерално гледано политиката на државата не само олицетворена во Влада или Парламент најмногу таму би требало да биде еден од факторите на урамнотежуваше на меѓунационалните односи. Видете зошто. Можеби ќе звучи нели патетично односите на РМ со Република Турција се добри, можеби се одлични, како да најдеме некој збор. Тоа генерира и некои внатрешни состојби, влијае на тие внатрешни состојби особено на релациите помеѓу македонците и турците. Сакам да кажам дека надворешната политика насочена кон нашите билатерални односи со Албанија мора да наоѓа форми да тие односи влијаат внатре на односите во Македонија, директно, или индиректно. Јас сум сигурен дека ниеден од Вас не размислува дека ова што се случува сега во Албанија делува неутрално, или афирмативно на меѓунационалните односи во Македонија.. Апсолутно сум сигурен дека влијае и краткорочно и моментално и среднорочно и долгорочно на дестабилизација на односите внатре. Ние се разбира не можеме многу да влијаеме на тоа. Јас сум загрижен зошто г-динот Бериша упати апел за било каква помош до сите држави кои не се граничат со Албанија. Можеби објективно и не може. Меѓутоа добрососедски е да се побара помош и од оние кои граничат со Албанија. Знаете како, Албанија е фактор кој на нас влијае на еден или на друг начин сакале, или нејќеле. Ова денеска е само една ескалација на настани кои влијаат на нас. Албанија влијаеше, државата Албанија влијаеше пред неколку месеци, или година да направиме огромен трошок за ревакцинација на децата од детска парализа зошто

почна да станува фактор кој извезува таква болест. Извезе и направи трошок и направи пореметување со болеста лигавка и шап, прави проблем со извоз на нелегални упаѓања во РМ. Сакам да кажам, помошта иако ќе звучи можеби смешно, можеби наивно помошта што треба да си ја даваме взаемно во овој случај и Македонија по овие проблеми кои ги набројав на Албанија, сите сме на истиот брод. Помошта може да биде значајна за генерирање на поинакви состојби во РМ и обратно таму каде што Албанија може да дава помош на Македонија се разбира во овој момент не може никаква. Меѓутоа објективно зборувано.

И на крајот сосема накратко да се изјаснам за нешто за што е сосема јасно, меѓутоа сакам да го кажам едноставно. Пред Собранието имаме никој штрајк, имаме и штрајк со глад, имаме и друг штрајк во овој момент сите го знаете тоа кој во основа се метод на притисок едноставно апелирам до оние политички фактори кои се инспиратори, да се послужам со тој речник , на ваквите штрајкови и методи на притисок да се откажат затоа што единствено сум убеден гледајќи денес се случува во околината, единствено со институционални методи а тоа се демократски избори е можно нешто да се промени. Вие самите гледате дека тој протест доведе до оваа расправа. Меѓутоа оваа расправа нема да доведе до промена на ситуацијата со тој закон конкретно, едноставно нема да доведе. Ќе доведе до промена само доколку тие луѓе демократски ги убедуваат другите дека овој Парламент греши и СДСМ греши, затоа не треба да му се даде гласот. Тоа се прави на демократски избори. И затоа сметам дека ваквиот начин на притисок врз Парламентот е апсолутно непродуктивен па дури непотребен. Секој жител на Македонија е незадоволен по многу основи. Ако секој почне со метод на притисок да бара промени на работите, ќе се доведеме во деструктивна ситуација. И затоа апелирам иако знам дека е ова апел во темница

заради моја совест ќе си апелирам да се престане со метод на притисок и да се прифати начинот на демократски избори каде што мислењата можат, каде што работите можат да се променат со освојуваше на местата во овој Парламент.

**ХИСНИ ШАКИРИ**

Господине претседателе, дами и господа пратеници и сите присутни во салата. Денес расправаме за едно доста чувствително прашање и како проблем во Република Македонија предизвикува големо ентересирање кај сите граѓани на оваа држава. Слушајќи ги сите дискусии и вчера и денеска кај сите имавме прилика да слушаме и со големо ентересирање се бара. дијалог, толеранција меѓусебно почитување, доверба и т.н., што е многу добро, бидејќи овие работи основни постулати за владеење мир во една држава. И како така барем треба да ги прифатиме. Меѓутоа, толеранцијата не треба да се бара само од еден народ , секогаш бидејќи ниту е фер, ниту не може да се постигне она што ние вака барем со уста го кажуваме пред говорницата.

Јас конкретно од г-динот претседател на парламентот барам да ми дозволи моето излагање на оваа седница да биде изведено на албански јазик. Дали можам тоа да го сторам?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа Деловникот не го дозволува.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас како предлог барам да гласа Парламентот, дали Парламентот ќе ми дозволи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Видете, Парламентот не може да гласа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Извинете, такво барање, таков предлог имам право деловнички да барам да се стави на гласање.

XV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот да се крши Деловникот, нека крене рака?

Значи, 7 пратеници гласаа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Значи ќе видиш каде е толеранцијата , бидејќи Вие секогаш барате толеранција, барате дијалог, доверба и меѓусебно почитување. Каде е моето почитување пред овој Парламент кога не ми се дозволува да се изразувам на мојот мајчин јазик. И многу други ред работи за кои секогаш се обвинуваат албанците.

Дами и господа пратеници, без сомнение овие настани заслужуваат сериозна анализа и не се за потценување. Имајќи предвид дека зад нив стојат партиски личности и еден дел од универзитетски професори, а тоа значи една цела елита на интелектуалци кои имаат за намера преку младите средношколци и студенти да создадат поповолен терен за нивното политичко делување се со цел за да ја реализираат една политика која во себе содржи елементи на ксенофобија, омраза, конфликти врз националната база. Овие политичари шпекулирајќи со нивни- те квази тези наводно дека Македонија, македонскиот јазик и култура се разликуваат од албанците и многу други лансирани идеи кои што немаат ништо заедничко со вистината ја доведоа земјата во една ваква ситуација. тоа господо не е пат кој води кон мир и стабилност во земјата. Ова е бесперспективен пат. Со вакви настапи пред јавноста ми се чини дека актерите односно организаторите на овие настани во погрешна адреса ги упатиле студентите и средношколците, знаејќи пред се дека албанците не се тие кои не ви признаваа јазикот. Исто така, не сме ни тие кои го контестираме името на државата. Наместо да се

занимава тој потенцијал на интелектуалците со овие две сложени проблеми за кои јас сметам дека се многу битни и сериозни проблеми, кои во суштина претставуваат и негирање на македонскиот национален идентитет, но во неможност македонските политичари да се занимаваат со овие проблеми и со другите проблеми социјални со кои се соочува Република Македонија се со цел да се фокусира проблемот во друга насока, се прави се ова и според политичкиот ритам низ кој се одвиваат овие настани испадна дека албанскиот јазик и тетовскиот универзитет според поединци се фактори кои ја дестабилизираат оваа држава.

Јас упатувам како апел на сите оние кои размислуваат вака и кои ги организирале овие демонстрации против албанскиот јазик и високото образование и тетовскиот универзитет со вакви настапи пред јавноста историјата на ниеден народ во оваа Земјина кугла не се збогатил, ниту нема да се вгради со вакви антицивилизациски и ксенофобски пароли. Студентите и средношколците со нивното скоро двомесечно протестирање во Скопје и во другите градови на земјата против донесува- н»е на Законот за употреба на јазиците во Педагошкиот факултет и укинување на квотите за прием на студентите не македонци во Скопскиот универзитет и многу други пароли и извици уперени против албанците и овие работи за мене многу други албанци ништо не претставуваа изненадување. Но, сето ова претставува јавно изразување на антиалбанската политика која со години се кроела во разните центри и штабови на бившата Југославија, а со посебен интензитет и со по перфидни методи се применувала во Република Македонија, почнувајќи од 1981 година. И за овие и за овој шест годишен плурален систем од страна на врвни државници и од политичките партии во опозиција од македонскиот национален блок тоа се прави, а деновиве јавно се манифестира низ улиците на градовите на Република Македонија.

XV/4.-

Студентите и средношколците во овие настани се користат како средства кои и служат на околната власт како подлога за понатамошното работење во антиалбанските политички и економски проекти. А опозицијата со овие протести, сакајќи да се промовира себе како заштитник на македонскиот народ очекува да добие политички поени по нечесен пат на политичкото делување. Сите овие работи за паметни и свесни луѓе, господа, се многу ниски и срамни и наивни. И слободно може да се поисповетуваат со Макијавелистичката максима или принципот на владеењето. Но, како политичкиот противник кај сите македонски политички партии во стрелачка мета сме ние албанците. Со самиот факт што и младите македонци почнале да се занимаваат со албанското прашање во овие простори. На ваквите алкани игри, господо, не сте требале да ги инволвирате и младите. Но, ова нека им служи на чест на оние организатори кои наидоа засходно да манипулираат со младите и нив да ги употребуваат како заштитници на Уставот. на ваквите политички прилики на површината се појавуваат најекстремни сили кои не бирајки средства за реализирање на своите мрачни сили во политиката ги повлекуваат и децата.

Господа, за да знаеме што треба да работиме за иднината треба да не учи минатото. Токму од ваквите настани, кои беа организирани во поранешна Југославија според тогашниот фамозен белградски меморандум чиј автор беше Српската академија, пропадна Југославија. Да напоменам дека Вие работите под исти сценарии и ако продолжувате понатаму Република Македонија ќе ја доживее истата судбина. За стабилност во земјата клучни фактори се сите граѓани на оваа држава, а не само македонците.

XV/5.-

Македонија не се дестабилизира од развојот на демократските односи, но ќе биде дестабилизирана од оние сили кои настојуваат да бидат привилегиран народ и Македонија ја гледаат само како држава на еден народ, неоставајки политички и економски простор и другите да ја развиваат својата култура и своите национални чувства. Токму со политиката и политичката култура деновиве што се покажа по улиците на градот Скопје каде се бараа гасни комори за албанците и многу други пароли, кои всушност претставуваат фашистичка идеологија која идеологија во Втората светска војна беше осудена од цел свет и заврши со големи човечки жртви. Јас не верувам дека има друга земја во Европа каде може да се организираат вакви протести од овој карактер. Ова е случај без преседант. Со нив, исто така, да се солидаризираат и политичките партии на нивните барања им давале поддршка и универзитетските професори и еден број на членови на науката, на Академијата на науката и уметностите на Република Македонија. Нарекувајќи ги демонстрантите како бранители на Уставот и третираниот интегритет на државата, а штрајкувачите со глад , ги прогласија за херои. Бидејќи според нив сето ова што го прават младите во прашање се човековите идеали.

Господа, се поставува прашањето за какви идеали станува збор во овој случај кога јавноста ги знае нивните барања кои имаат карактер на ксенофобија и албанофобија. Замислете, господа , луѓе со академски титули им препишуваат толку големи заслуги на демонстрантите и штрајкувачите со глад само што бараат да се укине правото на албанците во високото образование на својот јазик. Ова е голема трагедија за оваа земја и за организаторите, кои и понатаму настојуваат да ги изманипулираат младите преку горе наведени високи комплименти, прогласувајќи ги како херои и бранители на Македонија. Во вакви

XV/6.-

прилики на развојот на настаните кои во крајна мера ги отежнале меѓунационалните односи, имајќи го предвид мотивот на протестите јас не очекувам многу резултати од оваа расправа, бидејќи чувството за дијалог и меѓусебното разбирање и толеранција не постои кај Вас. Власта во оваа држава во ниеден случај досега не покажала подготвеност да воспостави дијалог со албанскиот фактор за изнаоѓање реално решение за многу проблеми, како што е јазикот, тетовскиот универзитет и многу други проблеми кои се неопходни за нас. Нашата политика секогаш била отворена и транспарентна. Баравме да се договориме за сите отворени прашања, но Вие како власт не прифативте дијалог и за тетовскиот универзитет. Оваа научна институција ја игнорирате, така што не сакате да се соочите со овој многу чувствителен проблем на албанците. Сите политички партии од македонскиот национален блок и овој Парламент сте вложиле голем политички труд за влошување на меѓунационалните односи. Тука не се работи за некој политички аматеризам. Корените на една ваква политика се наследени од стариот систем. интересите на една ваква политика е за да се создава антиалбанско расположение кај сите македонци. Затоа Вие не треба да се вознемирите и да изразите негодување за сегашните настани. Во овој случај мојот впечаток е дека сите сте виновни, имајќи предвид фактот дека секогаш нашето барање Вие го исполитизиравте и му препишавте антидржавни елементи. Впрочем, тоа господо го правите во актуелниот момент со тетовскиот универзитет. Тука е вашата политичка манипулација со јавноста на овој план. Сите политички партии од македонскиот национален блок на овие антиалбански проекти, господа, ние знаеме дека имате концензус. И ако ја доведете земјата до некоја криза, која ќе предизвикува конфликти, виновниците не треба да се бараат кај албанците, но барајте ги во Вашите редови. Предлог декларацијата за унапредување на меѓунационалните односи во духот

на толеранцијата, дијалог и заемното почитување и доверба не ги содржи најосновните постулати низ кои можат да се решаваат крупните проблеми од националната сфера во ова општество.

Предлог декларацијата безначајна, не детерминира апсолутно ништо во подобрување на меѓунационалните односи. Тргнувајќи од фактот дека оваа декларација како политички акт подготвен без да се консултира албанскито политички субјект јас нема да го прифатам ниту има да учествувам во неговото изгласување токму од причините што не содржи никакво решение.

Господа пратеници, учесници, владини и невладини во овој Парламент и организаторите на овие настани, без решавање на албанското прашање и статусот на тетовскиот универзитет Македонија не може да биде стабилна и не може да функционира како правна држава. Ова не треба да го сфатите како закана, ова го кажувам во вид на аксиома.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-ѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, расправата за меѓуетничките односи во овој момент имаат нагласено значење најмалку заради две причини. Поради протестите на студентите и на средношколската младина чиј повод, само повод, веројатно, како што и овде се заклучи, до душа несреќно одбран, затоа што тангира една исклучително политички сензитивна тема , но не и вистинска причина, а тоа е донесувањето на Законот на јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет и поради изоштрувањата на внатрешни

проблеми, а посебно поради драматичната ситуација во нашето непосредно окружување, а значаен влог во зголемувањето на нашата отпорност кон овие збиднувања се токму стабилните меѓуетнички односи. Се разбира моето учество во расправата ќе биде воспоставување на релација помеѓу функционирањето ан системот на образование и меѓуетничките односи. А овде има навистина што да се каже, токму за оваа релација. Затоа што националната стратификација што е реална и објективна во РМ условува определени состојби, проблеми, прашања , дилеми, кои во голема мера се од чисто образовна природа. Но, за жал низ образованието се прекршуваат и имаат влијание и политичко партиски односи, проблеми и интереси, кои ја содржат и меѓуетничката компонента, што честопати создава сериозни проблеми. нај екстремна варијанта на нивно јавување и влијание е секако политичката инструментализација на учениците што противречи и на многу меѓународни акти, а и на декларацијата што беше усвоена од нашиот Парламент. Да го споменам само наводното труење на учениците во Тетово, да го споменам организираното учество на политичко - партискиот митинг кога се прославуваше изборот на градоначалник во Тетово, присуството на учениците заедно со своите родители од Жупа, кои долго време штрајкуваа со глад, настојувајќи да изнудат концесија нивните деца да се школуваат на јазик кој не е нивни мајчин јазик. А дозволете и во овие најнови случувања на улиците во Скопје и во некои градови на Републиката да се препознае влијанието на токму политиката.

XVI/1.- РД/ЉР

**СОФИЈА ТОДОРОВА**: (продолжение)

Што се случува во сферата на образованието, има позитивно или негативно влијание врз меѓунационалните односи и тоа како од аспект на правната рамка, проектираната политика, така и од аспект на реалните состојби.

Во теоријата, но за жал во реалноста, во односот кон малцинствата, можни се два екстремни приода, два опозита, на кои укажа и господинот Абдурахман. Од нивна асимилација на една страна, до нивна гетоизација, национална хомогенизација, што продуцира остри конфликти, па дури и територијална дезинтеграција на земјата.

Македонија ја одбра единствено можната опција на ова трло, трпеливо и упорно унапредуваше на меѓусебните односи и меѓусебна толеранција, взаемно разбирање и почитување, соживот политика која се потпира на традицијата на меѓуетничките односи на овие простори и што е многу значајно, кое е единствено, ветува иднина на стабилен цивилизациски развој и меѓународна интеграција на земјата.

Таа политика се потпира на два конституционално втемелени принципи, од една страна, да се обезбеди легислатива, но и реални претпоставки за изразување, негување и развој на националниот, верскиот, културниот, јазичниот идентитет на националностите, а од друга страна да се обезбеди нивно целосно интегрирање во сите сфери од животот, што единствено создава реална шанса за развој на граѓанското општество.

Како функционираат овие принципи на теренот на образованието, со создавање на услови за основно и средно образование на мајчин јазик

на припадниците на националностите, со настојување да се зголеми нивниот опфат, и што е посебно значајно, да се зголеми не само реалната, туку и нивната функционална писменост, со стекнување на систем на знаења кој комуницираат со времето во кое живееме, и уште повеќе со времето кое доаѓа. А верувам сите ќе се согласиме дека за развој на РМ, за нејзиното успешно интегрирање во Европа, од пресудно значење со квалитативните карактеристики на човечкиот ресор, кој и се физиономираат низ образованието на сите граѓани, без оглед на националната пирпадност, како што впрочем истакна и г-динот Хисен Рамадани. Притоа, се разбира, се почитуваат и се поаѓа од реалните потреби, објективните можности, тие да бидат задоволени од меѓународните норми и стандарди кои се однесуваат на ова прашање.

Почитувањето на вториот принцип, претпоставува функционирање на единствен интегрален систем на образование. Единствени наставни планови и програми, единствени нормативи и стандарди и низа други елементи,што ја чинат организацијата и функционирањето на единствениот образовен систем. Па руди и во етнички вмешаните средини се настојува да не се формираат етнички чисти училишта. Таквата политика дава резултати. Во дискусијата беше кажано, треба да се посочи кои се резултатите од политика што на овој план ја води Владата. Јас се обидувам на тоа да укажам, се разбира во сферата на образованието. Постигнат е висок опфат на ученици во задолжителното основно образование. Се разбира, се соочуваме со сериозни проблеми, посебно од аспект на обезбедување на адекватен кадар за реализација на наставата. Имаме доста одделенски наставници со несоодветно образование, што беше и една од причините за донесувањето на

Законот за Педагошкиот факултет. И во средното образование се случуваат значајни пози- тивни поместувања, иако со состојбите околу опфатот на завршените осмоодделенци од националностите, не можеме сеуште да бидеме задоволни. Но имаме едноставни преметувања.

Она што е од особено значење, а ја обесхрабрува политиката и ги обесмислува настојувањата за барање на вонинституционални решенија, тука би го подвела и собирањето на младите во Мала Речица, со тенденциите во високото образование. Вклучувањето се поголем број на студенти од националностите на факултетите во РМ. Јас тука би сакала да укажам и на конкретни показатели. Од 5,8% учество на припадници на националностите во учебната 1990-1991 година, тој процент само за неколку години се зголемила 14,1%, а кога се однесува за албанската националност, од 2,1% во истата година на 7,7% во последната учебна година.

За интегрирање на националностите во високото образование значајна улога одигра и политиката на утврдување на дополнителни квоти за упис на припадниците на националностите. Тоа е нешто кое што е упатено и едно од барањата на студентите, посебно на средношколската младина. Оваа политика не е противставена на уставните норми. Веќе е покренато барање за оценување на уставноста, Уставниот суд ја запре постапката за оценување на уставноста, затоа што како што се образложува, посебната квота за националностите не претставува повреда на Уставниот принцип на еднаквост, ниту на уставната гаранција за правото на образование подеднакви услови, затоа што условите се идентични, и за едната и за другата квота, усвоени најмалку 60 бодови.

XVI/4.-

И второ, за запишувањето на националностите во посебна квота, со запишувањето, не се намалува бројот на студентите што можат да се запишат во општата квота. Значи станува збор за посебен интерес, од образовни но и од политичка природа, интерес што државата го дефинира како јавен интерес,го остварува во јавни институции од сферата на високото образование и го финансира од Буџетот на РМ.

Чудно како студентот Филип, не успеал да ги пронајде и овие материјали во Уставниот суд, онака како што тоа го направил за материјалите за употреба на Македонскиот јазик, како службен јазик. Но секако, вистинскиот приод кон реализација на оваа политика, за зголемен опфат на националностите на факултетите на двата универзитета, вистински приод чиј ефект додуша, доаѓа со определена временска задршка, е подобрувањето на квалитетот на наставата и на знаењата што ги стекнуваат и кој ќе обезбедат успешно вклучување во единствениот високообразовен систем. Во таа функција јас ве информирам дека Владата веќе прифати два проекта, кои ќе се реализираат со меѓународна поддршка, а тоа е проектот за организирање на нулта година, за да се охрабрат и да се зголеми квалитетот на знаење на завршените ученици во средно образование, за да успешно го положат применилот испит на факултетите, а вториот проект се однесува за едукација на наставниците кои се веќе вклучени во образовниот процес, пред се, во средините каде што доминираат припадниците на националностите.

Во матрицата на вака дефинираната политика, во сферата на образованието на националностите, треба да се ситуира и донесувањето на Законот за Педагошкиот факултет.

XVI/5.-

За содржината, особено за потребата од негово донесување, зошто и од кого овој Закон е поддржан или не е поддржан, веќе говорев пред овој законодавен дом, при донесувањето на законот, а на тоа се осврна и премиерот во воведното излагање. Но еве неговото донесување е повод би рекла, за жал, за протесно организирање од страна на студентите на Педагошкиот факултет, така барем е информирана јавноста. Протести на кои учествуваа и голем број средношколци, а 80% од нив е малолетни лица. Овие протески навистина загрижуваат и наметнуваат низа прашања. Загрижуваат поради ризикот на кој се изложени учениците и средношколците, учествувајќи во толпа, со непредвидливо однесување и кое тешко може да се контролира, особено во првите денови на протестот, кога учеството беше најмасовно. Кога се случи за прв пат и агресивно однесување, но кој мина на овие како беа нарекувани мирни протести. Загрижува поради ризикот на здравјето на студентите кој го прифатија штрајкот со глас како метод на притисок за остварување на барањата, но и притисок на Уставниот суд во неговото одлучување. Загрижува поради можните меѓуетнички провокации и конфликти кои би можеле да имаат несогледливи последици со безбедноста на учесниците на протестите и дефинитивно би нанеле голема штета во меѓунационалните односи, но и на меѓународен план од аспект на остварување на малцинските права. Загрижува и поради можноста ако не и присуството и инволвираноста на политиката во образовани- ето, таму каде што не и е местото и покрај јасно утврдената норма во законската регулатива дека изричито се забранува политичко организирање и делување во училиштата. И се разбира, поради ризикот неоправдано да се прилепат различни етикети на младата генерација, иако сум убедена дека со агресивното однесување зад транспарентите со недолична содржина, или со содржина која ја подгрева меѓуетничката нетрпеливост, беа поединци,

меѓу нив и возрасни лица. Такви етикети сигурна сум студентите и средношколците не ги заслужуваат. Убедена сум дека тоа не е белег на нивното размислување. А во основата на сето тоа беа неколку лажни тези, дезинформацијa во форма која беше податлива да го предизвика незадоволството на младите. Каде тие се креираат, можеби и може да се претпостави од присутната иконографија, симболи, знамиња, личности ангажирани во и околу протестите. Може да се претпостави и од јавниот настап на една од ТВ станиците на деканската управа на Педагошкиот факултет, патемно, таков орган не постои, според постојната законска регулатива во која покрај другото од страна на Продеканот г-динот Дрвошанов, кој е и продекан и заменик министер, повторно во спротивност со правната регулатива изјави, сигурно неслучајно, туку поради претпоставениот и посакуваниот ефект во јавноста дека примената на донесениот закон значи ангажирање на наставници и организирање на настава покрај на македонски јазик уште на 5 други јазици. Па беше спомнат и Влашкиот и Ромскиот јазик, и ако сите добро знаеме дека за Влашкиот и Ромскиот јазик дури не можеме да обезбедиме и дополнителна настава во основните училишта за ради сеуште нивната некодифицираност. А тие лажни тези беа дека се крши Уставот, дека е неприфатливо со парцијално решение по дефиниција да се решава проблем од сферата на високото образование, дека е загрозен Македонскиот јазик дека Законот, како што стоеше во текстот на барањата што ви беа предадени од студентите од Педагошкиот факултет, дека со него се отвара широко вратата за легализирање на таканаречениот Тетовски Универзитет, дека тоа значи дезинтеграција на Републиката, дека во Македонија ќе се учи албански. Јас бев стаписана од изјавата на една од учесниците, односно од организаторите на

протестите кога тоа го изјави пред телевизиските екрани.

Се разбира дека вистината е на другата страна, на што беше веќе искажано низ дискусијата и во воведното излагање на премиерот. Зад барањата на студентите покрај другите застана и Сенатот на Универзитетот. Инсистираше и инсистира на донесување на Закон за високо образование, што е неспорна потреба. Прифаќајќи ги барањата на студентите застанаа на одбрана на Уставот, од неуставниот наводно закон. Но воедно упатија и на примена на елаборатот за основање на Педагошкиот факултет, а во него исто така се предвидува еден значаен дел од наставата да се изведува на јазиците на националностите. Чудно, како да има мало или големо кршење на Уставот.

Се разбира, уште многу може да се говори и околу Законот и околу она што посебно ви се случува по неговото донесување. Но дозволете ми на крајот јас да изразам оптимизам, јас сум оптимист и верувам, без оглед на партиската структура на власта, без оглед на персоналните решенија во власта, без оглед на тоа кој е кој ќе биде министер за образование, дека ќе продолжи политиката на натамошно унапредување на меѓуетнички односи, како единствено можна алтернатива на глобален план, но и во сферата на образованието.

Прилог кон таквата политика, од страна на образовниот систем, ќе биде неговото реформирање, забрзано, динамизирано реформирање, но треба да бидат и ширум отворените врати на училиштата на факултетите за теми кои во основни назнаки се содржани во Декларацијата, која верувам дека ќе биде усвоена од овој дом.

XVI/8.-

Прилог кон таквата политика, беше и долгогодишното функционирање на Педагошката академија, која образуваше кадри и на настава на јазиците на националностите. Прилог кон таквата политика е и донесениот закон за Педагошкиот факултет, а верувам со своите решенија што ќе ги содржи и Законот за високо образование што ќе го донесеме.

Околу оставката која се бара од мене. Знам дека немам ни право пред вас почитувани пратеници, ни пред јавноста во врска со ова да говорам како Софија Тодорова, како жена, како мајка, за тоа што чувствував, како ги доживував тринеделните извикувања првите денови каменување на просторијата во која цело време престојував и бев подготвена, а и реализирав средби и разговори со оние, а и со сите кои покажаа подготвеност да разговараме. Како се чувствував читајќи ги крајно недоличните транспаренти во рацете, сигурна сум на мал број учесници, кои веројатно на друг начин со други квалитети не можат да го привлечат вниманието на себе.

Има право да говорам само како министер на актуелната Влада. Не верувам дека некој мисли дека оваа позиција во која сум јас е лагодна, или воопшто лесно да се биде министер во овој ресор. Но оставка не поднесов за да изразам длабоката доверба во политиката што ја води Владата, а и овој дом, токму по ова прашање, политиката која нема алтернатива, се разбира ако сакаме да ги почитуваме темелните вредности на нашиот систем и ако посакуваме стабилност и развој на нашата земја

Оставката немаше да ги реши ниту прашањето на Законот за Педагошкиот факултет, ниту многу други прашања што зад него се затскриваат. Впрочем, тоа не беше само моја оценка.

XVI/9.-

А ќе беше сигнал дека овој начин на излудување на решенија надвор од институциите и пропишаната процедура денес за едно, утре за друго е продуктивен и дава резултати.

(Благодарам).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, со оглед на фактот што постојано се зголемува бројот на учесници во расправата, кој во моментот изнесува 15 пратеници кој што се пријавија за дискусија. Сакам да ви понудам две алтернативи.

Првата е да продолжиме да работиме дури не заврши седницата и втората е да продолжиме во вторник во 11 часот.

Продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

Седницата прекина со работа во 19,10 часот.